СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Осмото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**ОСМО (8 ) ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 1.XII.1993 ГОДИНА**

Дискутанти:


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 60
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 54
3. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 93, 101
4. ГОШЕВ ПЕТАР - 40, 41
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 89
6. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО - 12
7. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 67
8. ИВАНОВ СИМЕОН - 44
9. ИВАНОВ ИВАН - 35
10. КИРОВ ТАШКО - 15
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 38, 52
12. МИНОВ ПАНЧЕ - 48, 50
13. МАНЕВ ЕФТИМ - 90, 92
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 27, 32 ( води седница )
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 25
16. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 33, 34, 107, 111, 117
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 13
18. ПЕТРОВ ТОДОР - 62, 79, 83, 106
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 28, 88
20. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 8, 10
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 17, 19, 114
22. СПИРОВСКИ ИГОР - 68, 73 - прозива
23. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 26, 27
24. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 58
25. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 24
26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 72
27. ЏЕМАИЛИ БЕБИ - 105


- седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Осмото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 1 декември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Димитар Поповски и Митко Анастасовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на денешното продолжение на 68-та седница Собранието да расправа по точките што се однесуваат на изборите и именувањата односно од 61-та до 71-та точка од дневниот ред. Поради тоа што се сврзани со утврдени рокови, а потоа да продолжиме со расправата по утврдениот дневен ред.

Кој е за предлогот, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 61** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на кинотеката на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор^Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

(49 пратеници гласаа за).

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Кинотеката на Република Македонија.

Минуваме на **точка 62** - Предлог на одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на работната организација за производство на филмови "Вардар -филм" - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

(51 пратеник гласаа за)

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на работната организација за производство на филмови "Вардар - филм"-Скопје

I/3.-

Минуваме на **<u>точката 63</u>** - <u>Предлог на одлука за именување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.</u>

- Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој Ѕе бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

(54 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Минуваме на **<u>точката 64</u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија "Свети Климент Охридски" - Скопје.</u>

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

( 54 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува до гласање? (Не)

I/4.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Педагошката академија "Свети Климент Охридски" - Скопје.

Минуваме на **точката 65** – Предлог - одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за ликовна уметност - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

(51 пратеник гласаа за)

Дали е некој против? (еден)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Факултетот за ликовна уметност - Скопје.

Минуваме на **точката 66** - Предлог на одлука за именување членови ан Комисијата за подготвување предлог за именување директор на Педагошката академија "Свети Климент Охридски"-Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

( 50 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Комисијата за подготвување предлог за именување директор на Педагошката академија "Свети Климент Охридски"-Скопје.

Напоменувам дека 64 пратеници се присутни во салата.

Минуваме на **точка 67** - Предлог одлука за именување на одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката и извештајот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Предлогот на одлуката и извештајот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

(43 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (девет)

Дали некој се воздржува од гласање? (осум) .

Констатирам дека Собранието за донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

I/6.-

Минуваме на **точка 68** - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на радиодифузното претпријатие "Македонска радио телевизија.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

(50 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (тројца)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на радиодифузното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на **точката 69** - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на награ- дата "Гоце Делчев".

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

(55 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (еден)

I/7.-

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Минуваме на **<u>точката 70</u>** <u>- Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсна комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака) (пратениците креваат рака).

(57 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.

Минуваме на **<u>точката 71</u>** - <u>Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот'.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на Одлуката, молам Да крене рака? (пратениците креваат рака)

(57 пратеници гласаа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

Минуваме на **точката 16** - Нацрт на закон на пензиското и инвалидското осигурување.

Нацртот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Претресот е во тек.

За збор сега е на ред господин Никола Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Законот за пензиско и инвалидско осигурување со нетрпение го очекуваат не само пензионерите, туку и тие што треба да одат во пензија и работните организации и Фондот, за пензиско и инвалидско осигурување па и самото Министерство, очекувајќи дека тој ќе ги реши сите натрупани проблеми, кои од ден на ден растат ја загрозуваат егзистенцијата на пензионерите.

Секако, дека напорите кои се вложени во неговото изготвување како и широката јавна расправа која досега се водеше, ќе придонесе овој закон да биде квалитетен, да ги гради уставните начела и права загарантирани на тие што цел работен век го вложувале во пензионерската каса, за да може крајот од својот живот безбедно и достоинствено да го дочекаат.

Моите забелешки ги изнесувам по некои членови каде сметам дека ќе биде во интерес на пензионерите и за оние што треба да станат пензионери.

Во член 4 се вели дека правата од пензиско и инвалидско осигурување се здобиваат и се остваруваат во зависност од должината и обемот на вложените средства за пензиско и инвалидско осигурување. Тоа е сосема во ред и ќе го поврзам со некои други членови.

Во глава II, член 11,14,15 и 16 со кои се обезбедува задолжително осигурување за да не испадне само декларативно право треба државата сигурно да застане со покритие за тие права за да фондот не биде празен и биде на штета на тие што вложувале и за да биде интенцијата на член 4 остварена.

Во глава III каде се говори за здобивање и остварување на правата, член 19 зборува за бенефициран стаж,треба да се обезбеди извор за надомест на бенефицираниот стаж.

Член 20, алтернативата да се брише, бидејќи е неприфатлива за време на галопирачка инфлација да се пресметуваат да се пресметува целиот работен стаж во пензиска основа. И ако тоа на некој начин биде и реализирано, тогаш тоа треба да биде постапно, а во никој случај да биде тоа нагло.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:(**продолжение)

Член 35 "Социјалната проблематика на пензионерите не треба да се решава преку пензионерскиот фонд , туку на начин како тоа го пред-видува социјалната програма на државата'.' Имено се работи за пензија стекната како право и разликата со најниската пензија. Таа разлика треба да падне на товар на државната каеа.

Во член 36 да се додаде нов став 2 кој да гласи:"Средствата за исплата на разликата меѓу пензијата остварена според меѓународен договор и најнискиот износ на старосната пензија утврдена според ставот 1 на овој член ги обезбедува Републиката".

Член 38 , став 1 да се измени и да гласи: "Старосната пензија се усогласува секој месец според движењата на просечните плати на сите вработени на територијата на Република Македонија".

Ставот 2 од овој член да се брише, а ставот 3 да биде став 2, да се измени и да гласи: "Усогласената пензија од ставот 1 на овој член се исплаќа за месецот во кој е утврден порастот. односно падот на платите". Ставовите 4 и 5 да бидат 3 и 4.

Член 39 да се брише за тоа што води кон урамниловка.

Глава IV,"Здобивање на определена категорија осигуреници под посебни услови',' членовите од 96 до 111, да се обезбедат средства од други извори а не од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 133 глава VI "докуп на стаж" да се брише, бидејќи тоа право на работните организации целиот технолошки вишок го претворија во пензионери и го упропастијата Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Или пак да се прецизира и да се каже "за исклучителни случаи за кои државата треба да обезбеди континуирано плаќање односно претпријатието кое го испратило во пензија својот работник".

Глава VII член 135 е во колизија со член 37 кој ограничува највисока пензија.

Глава IX - Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, член 166 "50% од членовите на Фондот да бидат пензионери, заради тоа што се решава за правата на пензионерите". Базата предлага членовите на Управниот одбор да ги избира Собранието на РМ.

Во членот 167 да се бришат зборовите:"Во согласност со" и да се заменат со "мислење на Министерството за труд и социјална политика или со мислење на Владата на РМ" во став 1 точка 5.

Член 168 став 3, да се брише зборот "Владата", да стои "Собранието" за именување на директор на Фондот.

Член 173 став 2 да гласи: "Согласност на статутот на Фондот дава Собранието на РМ".

Ставот 3 да се брише "Министерството за труд и социјална политика врши надзор на работењето на Фондот" а да остане само "Надзор над законитоста".

Член 176 да се додаде нов став 2 кој да гласи:"Во случај да не се остваруваат планираните приходи за извршување на обврските во ставот 1 на овој член за обезбедување на потребните средства за редовна исплата на пензиите и инвалиднините , гарантира државата.

Глава XIII - член 199 став 1 во деветти ред реченицата да заврши со "определени со тие прописи", тука да се стави точка, а останатото да се брише.

Во образложението на законот се вели дека со ваквата одредба овие корисници во поглед на обемот на правата се доведуваат во еднаква положба со остварените корисници. Ако е целта уштеда, тогаш тоа не е никаква уштеда , бидејќи се работи само за 71 лице чија пензија наводно е поголема од лимитот 1,4. Само едно лице од овие има пензија поголема од 12.00 0 денари, односно од лимитот, а останатите 70 корисници се со пензија од 6 до 13.000 денари, што е испод лимитот. Според тоа не се работи за уштеда,.туку за нешто друго, а со Уставниот закон член 5 став 1 е јасно кажано дека сите права стекнати во СФРЈ се преземаат како републички со надлежностите на органите утврдени со Уставот на РМ. Со членот 36 од Уставот пак се загарантирани посебни социјални права на борците од Антифашистичката војна. Исто така, тоа е спротивно и на уставното начело според кое граѓаните не треба да се ставаат во понеповолна положба отколку што биле пред тоа. Недопуштиво е ограничување на пензиите кога не се ограничуваат платите. Ограничувањето на пензиите е спротивно на член 4 од Законот. Тоа исто важи и за член 200 , да се брише ограничувањето во ред 5.

Овие забелешки на член 199 и 200 ги прифати и Комисијата за труд и социјална политика.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Господа пратеници, во Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување, во член 11 точка 9 "Како осигуреници се опфатени и индивидуалните земјоделци , обврзници на данок од приход за вршење на земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено и главно занимање".

Во Нацрт-законот за осигурениците од точка 9 дадена е и алтернатива за бришење на оваа точка.

По мое лично убедување не би требало да се прифати алтернативата за бришење на точка 9 па овие осигуреници да бидат опфатени со доброволно пензиско и инвалидско осигурување, од причини што ниту еден земјоделец од 20 до 30 години не би прифатил доброволно плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, а со тоа би се оштетиле голем број на осигуреници од индивидуалните земјоделци.

Неодамна во Струмица на еден заеднички состанок на кој присуствуваа претставници од околу 30 селски месни заедници чии граѓани скоро 99% живеат од вршење на земјоделска дејност ме задолжија како нивни пратеник во ова Собрание да барам бришење на точка 9 од член 11 од овој Нацрт-закон, а да се прифати алтернативата на точка 9 и овие осигуреници , односно индивидуалните земјоделски производители да бидат опфатени со доброволно пензиско и инвалидско осигурување.

Сметам дека нема потреба да образлагам кои се причините зошто земјоделците се откажуваат од оваа по мене, бенефиција, меѓутоа се знае зошто, нема потреба од образложение.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Бидејќи сме во фаза на Нацрт-закон имам три заложби кои се надевам од предлагачот, Министерството за труд и социјална поли- тика ќе бидат прифатени. Конкретно во член 35 се дефинира најнискиот износ на пензијата, а член 37 го дефинира највисокиот износ на пензијата.

II/5

Барам да се воведе нов член или може во тие членови да се стави нов став кој стриктно ќе го дефинира односот помеѓу нај- ниската и највисоката пензија. Факт е дека има голема разлика во Републиката помеѓу највисоките и најниските пензии, а сметам дека се работи за стари луѓе кои од прилика имаат слични, да не речам исти прохтеви во животот и барем малку од малку да ги изедначиме. Може да се угледаме како тоа го имаат решено во понапредните западни земји и сметам дека односот помеѓу највисоката и најниската пензија мора со закон да се регулира.

Исто така во член 184 се вели "Републиката обезбедува средства за покривање на обврските на пензиското и инвалидското осигурување". Предлагам тука да се додаде нов став , може да биде тоа втор став кој би гласел од прилика дека "дефицитот во фондот за пензиско и инвалидско осигурување ќе се .пополнува од Буџетот на Републиката". Со тоа сметам дека ќе се обезбеди редовен прилив во Фондот и редовно исплаќање на пензиите, зошто навистина е срамота за државата, луѓе кои чесно си го одработиле својот работен век годишно по 2-3 и Повеќе пензии може би им ускратуваме.

Уште нешто. Тоа може предлагачот доколку го прифати, не знам во кој член. Предлагам до 5 во актуелниот месец , заклучно со 5 да бидат исплаќани пензиите од претходниот месец. На тој начин оваа категорија граѓани, конкретно пензионери ќе ги заштитиме од сите оние давачки што сега веќе и со доцнењето на исплатата им се наплаќа со камата плаќањето не електричната енергија , на парно итн. а луѓето не можат да примат пензија, затоа што им касни по неколку месеци. Затоа предлагам, согласно на тоа што го предложив во член 184 Буџетот на Републиката

ќе ги покрива дефицитите во пензиско - инвалидскиот фонд, заклучно со 5 во постоечкиот месец да се исплаќаат пензиите од претходниот месец.

**ТАШКО КИРОВ:**

Во последно време од страна на Владата за краток временски период се дадени две изјави во врска со едно најважно прашање за пензионерите, тоа е покрај висината на пензиските примања, прашањето за доцнењето на месечните пензии по неколку месеци.

Првата изјава беше дадена од страна на Владата и тоа дадена пред пензионерите дека овој проблем може да се реши и дека набрзо ќе биде решен.

Втората изјава беше дадена тука во ова Собрание по повод поставување доверба на Владата, кога еден од потпретседателите изјави - покрај другото ни се наведува како наш проблем доцнењето на пензиите а неоправдано тоа ни се на нас Владата префрла, бидејќи статусот на Фондот е така регулиран да не е одговорен пред Владата.

Овие две изјави можеби и не се многу важни ако не се една на друга целосно спротивставени и покрај тоа што доаѓаат од еден исти орган, тоа е Владата, а битни се за мене со тоа што овие две спротивставени изјави ги наоѓам на некој начин и во самиот закон, во поставеноста на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Еве кај го наоѓам тоа:

Пример во член 168 "Согласност на одлуката за именување на директор на Управниот одбор дава Владата". Значи ако согласност дава Владата и директорот ако е одговорен пред неа, најдобар пример е дека и целиот Фонд е во директна врска со Владата и одговорен пред неа

Понатаму во член 177 се вели "Стапките на придонесите ги одобрува Собранието и тоа по предлог на Фондот". Овој пат Владата е заобиколена, а најнормално е бидејќи Буџетот на некој начин Владата го предлага и го креира неговото извршување, најнормално е Владата тука да не биде заобиколена. На директен начин тоа тука не е дадено.

Во член 166 пак се вели: "фондот за пензиско и инвалидско осигурување поднесува најмалку еднаш годишно извештај пред Собранието и Владата", значи ние имаме една положба да не е прецизно дефинирана одговорноста на Фондот.

Тргнувајќи од поделбата на власта на извршна, судска и законодавна и тргнувајќи од член 91 од Уставот на Република Македонија каде се вели дека Владата ја креира политиката на извршување на законите и другите прописи кои ги донесува Собранието и одговорност за нивно извршување. Ова Владата го имаше предвид и ,на оваа седница во разгледувањето на законот за поттикнување на стопански недоволно развиените подрачја каде имаше предлог Фондот да премине во Агенција или на наше кажано во посредник, со тоа што и вработените и имотот ќе преминат во таа Агенција, а во состав на органот на управа, Министерството за развој. Токму тука се поставува дилемата зошто ваква неусогласеност кај Владата. Во едно министерство имаме еден предлог, во друго министерства во случајов имаме друг предлог. Мислам дека тука е потребна поголема усогласеност. Тоа е првата забелешка.

Втората забелешка, а би рекол повеќе и сугестија е околу инвалидското осигурување. Очигледна е политиката дека преостанатата работоспособност на инвалидите да биде искористена со преквалификација и доквалификација и така да имаат материјално обезбедување. Но, се поставува навистина прашање што со оние случаеви каде нема да има можност за никаква преквалификација или

дисквалификација. Мислам, тоа треба да биде посоодветно регулирано, бидејќи навистина во пракса имаме случаеви каде инвалиди, пензионери буквално средствата ги даваат за лекови. Оваа категорија тука треба да биде посоодветно разработена.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пратеникот како претставник на гласачите кои непосредно му ги изнесуваат своите проблеми има обврска и должност непосредно , исто така, да ги искаже во ова македонско Собрание или пак со забелешки и амандманско реагирање на предложените закони да влијае и да се заложи тие забелешки да го поделат текстот на законите во интерес на гласачите кои го избрале и сите оние што ги претставува , без разлика дали гласале или не.

Често пати предложените закони се однесуваат на т.н. интересни групи на граѓани, па така и Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување е во интерес на над 200 илјади пензионери. Оттука комплексоноста на решавањето на правата кои произлегуваат од пензиското и инвалидското осигурување, треба да имаат посебен третман од страна на сите 120 пратеници во ова Македонско Собрание.

Ние како пратеници треба да решаваме во името на категоријата граѓани , сегашни и идни пензионери. Но, се поставува прашањето дали ги разбираме нивните потреби, дали ги знаеме нивните проблеми со кои се среќаваат секојдневно, проблеми кои им го чинат пензионерскиот живот уште потежок.

II/9

Од позиција на условно задоволени политичко и економски потреби, повеќето пратеници во ова македонско Собрание, по се изгледа не сакаат да ги разрешат пензионерските потреби преку закон на едно задоволувачко ниво.

Поднесувачот на Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување, коалиционата Влада на РМ составена од партиципиенти на политичките партии : Социјал-демократскиот сојуз, ПДП, Либералната партија и Социјалистичка партија, нуди во текстот, едно, така би го нарекол, старо-ново решение.

III/1.- ЈМ/ЉР

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Начинот на обезбедување на средства во Фондот со предложени решенија во Нацрт-законот од член 174 до член 1887 горе-долу...... горе, долу,останува ист, односно главните извори на тие средства се врз основа на тековно финансирање преку плаќање придонес од исплатените плати на активните осигуреници. При заострени услови на опаѓање на бројот на вкупно вработените и несоздавање услови за нови вработувања. прифатените услови од страна на Владата во преговорите со Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка се услови кои ќе доведат до уште едно екстремно намалување на активните осигуреници на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со што проблемите што сега ги има Фондот, би рекол со тримесечно задоцнување на исплатата на пензиите ќе се радикализираат уште повеќе односно во рок од една година почнувајќи од сега ќе има задоцнување од 5 и повеќе месеци со исплатата на пензиите на пензионерите. Иако во членот 175 од Нацрт-законот поднесувачот кажува дека во приходите на Фондот се и средствата остварени по основ на трансформација на општествениот капитал, односно оној дел- што му припаѓа според законот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Уште при донесувањето на Законот за трансформација не беа прифатени ќе кажам овде јавно некои решенија што ги понуди опозицијата, а кои ќе му осигураа на Фондот вистинска сопственост. Оттука произлегува и вистина е дека ваквата одредба е само залажување ако се знае дека многу претпријатија фактички беа веќе трансформирани со оние закони на Анте Марковиќ, односно интерните акции, некои оти доа во стечај дали по природен пат, или вештачки пат, имавме и вештачки стечаи, тоа е"општа тајна", така би ја нарекол. Така што Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ќе остане со кратки ракави во овој случај , а со тоа и неговите над 200 илјади пензионер иако целиот свој работен век ја граделе таа

општествена сопственост.

Во образложението Владата на РМ како подносител на Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување кажува дека се користени искуствата на некои високо развиени европски држави, како што е Германија, Австрија, Швајцарија итн. во однос на границата на годините за добивање старосна пензија. Но, никаде не стои, или не сака да се каже дека во некои високо развиени исто така европски држави фондовите за пензиско и инвалидско осигурување се буквално сопственици на одреден имот, односно капитал, односно со парите што ги прибираат, работејќи со нив го оплодуваат тој капитал и немаат финансиски проблеми со исплата на пензиите на нивните. корисници. Со каков имот располага македонскиот фонд за пензиско и инвалидско осигурување? Со три објекти за одмор и рекреација, со домови за живеење на корисниците на пензија, 11 клубови за дневен престој на пензионери, 588 станови и деловни простории за работа на Стручната служба на фондот. И тоа е се. Јас би се запрашал зошто не ги прифати оваа сегашна коалициона влада заложбите на пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ фондот за пензиско и инвалидско осигурување да стане сопственик на дел од општествената сопственост и да располага со неа, меѓутоа вистински сопственик, а не вака само фиктивен, односно со залажување дека еве, фондот ќе добие на некој начин од таа општествена сопственост која кажавме дека веќе е 90% трансформирана. Зошто на пример Фондот не би станал сопственик на дел од деловниот простор со кој издавајќи го под наем по пазарни цени би обезбедувал средства за исплата на пензиите, односно дел од тие средства, односно во догледно време би ја анулирал зависност само од тековното финансирање. Таков фонд сопственик на имот и хартии од

вредност, односно на капитал постои да речеме во една Холандија и тој е еден од покрупните сопственици во државата Холандија, Но, и ние би требало да создаваме услови преку законите за овозможување таков фонд, сопственик, да заживее и да опстојува и во нашата држава Република Македонија. Впрочем државата преку својата Влада е обврзана да ги гарантира пензиите на своите граѓани кои го стекнале тоа право, таа е обврзана да ги гони оние кои го прикриваат и не го плакат законскиот износ за пензиско и инвалидско осигурување. Најавеното зголемување, еве, веќе се оствари на цените на одредени извори за затоплување, односно на енергија и за живеење ќе ги доведе пензионерите во една несакана состојба, односно со ваков третцан произлегува дека пензионерите се најнесаканиот дел од населението во РМ, иако чесно работејќи во својот работен век тие ја граделе оваа држава и вложувале за добро да ги поминат своите пензионерски денови. Затоа сум на мислење дека на делот 10, односно главата X од Нацрт-законот, обезбедување на средства за пензиско инвалидско осигурување Владата на Република Македонија треба да му даде соодветен третман користејќи ги искуствата на развиените држави и предлозите од страна на пратениците во ова Собрание по основ на измена и на Законот за трансформација на општествениот капитал, за деловниот простор, сопственост на државата, на други објекти. На пример, зошто зградата на бившата ЦК и други згради не би станале сопственост на фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да може тој фонд овие згради да ги издав под наем, а со тоа да прибира средства кои би се слевале во овој фонд за пензиско и инвалидско осигурување.

III/4.-

Што се однесува до правата на инвалидизираните осигуреници на фондот, мислам дека предлагачот доволно ја разработил материјата по овој основ, во Нацрт- законот и би можело во последната фаза подецидно да се предвидат правата на инвалидизираните осигуреници кои се здобиле со сгатус на стечаен работник. Јас ќе ви кажам само еден пример. Во Стаклара, бивша Стаклара која пропадна, а сега е под ИГМ на некој начин ја зема како фабрика во стечај, постоеше заштитна работилница. Сите тие од таа Стаклара вработени во таа заштитна работилница кои беа инвалиди на трудот се стечајни работници. Имаме примери каде што и мажот и жената се стечајни работници а се инвалидизирани лица. Дали некој не им ги кажал нивните права по основ да ги бараат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување јас не знам, меѓутоа едни такви работи мислам дека во понатамошниот текст, односно во онаа последна фаза дека предлагачот децидно ќе предвиди како тие вработени да си ги остварат своите права.

Во делот 10 од Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување како што стои тоа е во делот 9, во главата IX би требало да се предвиди и деловен одбор кој би стопанисувал со имотот на фондот со право на издавање и продажба на акции итн., односно буквално она што и претходно го предлагав дека Фондот треба да биде сопственик на имот, да има капитал за да може средствата во понатамошанта своја работа на некој начин да ги вложува и да ги оплодува. Така што би требало да има еден управен одбор.

Во членот 166 од Нацрт-законот во ставот 4 би требало управниот одбор да и поднесува извештај само на Владата на РМ, а не и на Собранието, затоа што во ставот 2 од истиот член Владата ги именува членовите на управниот одбор и за својата работа тој управен одбор на некој начин треба да и одговара само на Владата, а не и на Собранието,

затоа што Собранието не го именува управниот одбор. Вака како што е предвидено мислам дека се сака на некој начин да се подели одговорноста.

Исто така, во членот 177 каде се предвидува дека стапките на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување ги утврдува Собранието на Република Македонија по предлог на Фондот. Би требало да стои дека стапките ги утврдува Владата на РМ, затоа што со членот 91 од Уставот на Владата како извршна власт и е дадено правото да ја утврдува политиката на извршување на законите, нормално кои ги носи ова Собрание, односно да донесува и свои одлуки утврдува начела за работа на министерствата и други органи, а бидејќи ги именува членовите на управниот одбор на фондот и дава согласнсот за именување на директорот на фондот појасни би биле надлежностите на Владата да ги утврдува и стапките на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, или пак ако целата ингеренција припадне на ова Собрание да го бира управниот одбор, да дава согласност за директорот итн., да ги утврдува Собранието., Тие се така едни работи кои исто така се сака со овој Закон, ми се чини да се предизвика една двојност односно поделена одговорност.

Решението за добивање на старосна пензија член 17 би требало да остане како и досега 60 години маж, односно 55 години жена со можност за оние работни места кои не се со физичка оптовареност и ноќна работа да биде 65 години, односно за жена 60 години Заради тоа што работниците вработени во индустријата, дали метало-преработувачка, текстилна, или прехранбена, односно во земјоделието едвај чекаат, ќе ви кажам искрено затоа што познавам многу такви работници, едвај чекаат да се здобијат со правото за пензија.

Додека да речеме професорите на факултетите, или средните школи својот зенит на професионална способност можат да го дадат токму околу 60 и 65 годишна старост. Затоа едно вакво решение, односно двојност во случај за здобивање старосна пензија би требало да се предвиди во последната фаза од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

На крајот би сакал да кажам дека и пензионерите сакаат да живеат достоинствено за да не се чувствуваат како нешто што е товар на општеството, а тоа достоинство треба да им го овозможиме со донесуваше на еден закон за пензиско и инвалидско осигурување со кој што правата кои произлегуваат по основ на остварена пензија ќе бидат гарантирани со целосна одговорност на Владата на РМ.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Во членот 179 меѓу другото сакам да се придодаде и да се предвиди нов став со кој би се обезбедило исплата во висина на едномесечна пензија на секој умрен пензионер кој исто така, со исплатата на трошковните вредности кои ќе се добијат од надлежното претпријатие кое се бави со опскрбување на овие потреби да се врши исплата и на едното и на другото. Значи, членот 179 со тоа треба да се дополни.

Друго, иако мојот предлог е спротивен на членот 4, должен сум како пратеник на 37 земјоделски населби да го кажам следното. Постои едно големо незадоволство меѓу разликите на пензиите во односна корисниците кои ги остваруваат пензиите во сегашниот момент кога вршат одредени доплати и остваруваат полна пензија, во однос на оние пензионери кои плаќаат 50% од најниската пензиска основица, тоа се некаде околу 120 илјади, односно тоа е една променлива вредност.

Оваа група на пензионери имајќи го предвид дека е во своите подмакли завршни години така да кажам од својот живот, а е на некој начин изложена својот опстанок да го обезбедува само преку изричито физичката работа на село, не е во состојба тоа да го остварува, иако знаејќи го проблемот дека и тие 50% пензија што ја добиваат, ја добиваат од буџетски средства од минатата година што го донесовме тој закон. Јас предлагам на предлагачот ова да го има во предвид бидејќи по моја пресметка мислам дека не се работи за голема сума на пари, а се работ за разрешување на еден во права смисла на зборот животен проблем на категоријата на земјоделци кои со овие минимални пензии сега кои ги имаат всушност не им претставува ништо.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, само кратко би дал една забелешка на овој закон за пензиско и нив. осигурување и тоа. Предлагам да се предвиди ревизија во Законот за пензиско и инвалидско осигурување и да се знае дека тие пензии како се дискриминирани во пензискиот систем, а тоа произлегува од следното Каде е дискриминацијата? Едни пензионери можат да купуваат со пензии и девизи на црната берза, а другата категорија не може да купи ниту леб. Што значи имаме голем расчекор во пензиите. Така што и сега имаме пензии во износ од 27 илјади до 30 илјади денари, а не зборува колкава е најмалата пензија. Самите можете да заклучите колкав е тој расчекор. И кога го велам ова, затоа е така речено дека тие можат да купуваат дури и девизи, а овие не ќе можат да купат ни леб. Заради тоа предлагам во Законот пензиите не да се изедначат, туку да се стави член каде што порастот на пензиите и разликата да биде или 103, а не 30 илјади денати со 2 илјади денари, или 250, до 3 илјади денари. Да се преиспита стажот на докупот во оние установи каде што тие одлучуваат да ги пуштат

предвремено своите работници, а вршат доплата само на докупот на стажот, а понатаму исплатата на пензиите ја сноси пензискиот фонд. Мене ми се чини од тука се намалува пензискиот фонд и затоа со стекнувањето на право на тие 4,5 години треба да го сноси и делот на пензиската основица. А во однос на оние кои сакаат да одат со 60 години по нивно барање, ако тие се согласуваат со намален личен доход да можат да си одат, а на тој начин се ослободуваат работни места по нивна согласност.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, бидејќи се работи за Нацрт на закон предлагачот мислам дека ќе ги има во предвид и овие две мои изнесувања кои што се однесуваат на вреднување, или израчунавање на пензискиот основ и на доходот што се остварува во однос на дополнителната работа. Оваа дополнителна работа во здравството била доста проширена во минатото, па дури и сега во однос на колективниот договор кој што се однесува барем за здравството е исто така и присутна. Досега воопшто не беше вреднувана дополнителната работа на дежурствата, на приправноста и други дополнителни дејности кои што беа обавувани, бидејќи и здравствените работници обавуваа еден вид на просветна дејност предавајќи во разни средни школи медицински итн. Мислам дека еден добар дел од овој доход кој што се создаваше, односно кој што тие го добиваа не беше внесен во пензискиот основ и кога и здравствените работници иако на крајот на краиштата не можеа да остварат 40 години работен стаж, сепак одеа со многу помалку, мислам на лекарите, одеа со поплиток џеб. Денеска кога и со овој колективен договор постои да речеме такво нешто, сепак мислам во иднина израчунавањето да биде како за во минатото, така и во иднина.

**ДУШАН ТРПЕВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека дополнителна работа обавуваат или стекнуваат само здравствени работници, туку и некои други. да речеме, во судството познати се дежурства, исто така во полицијата, како и на други места. Тоа е едно.

Второ, остварувајќи дополнителен доход со дежурства, работното време поминато на дежурство да биде уколкулирано во пензискиот стаж. Ако претпоставиме тоа беше доста распространето не само кај лекарите било од општа пракса или специјалисти, туку и кај другиот средномедицински кадар,всушност со зголемување на бројот на здравствените работници дежурствата постепено се намалуваат, сепак во минатото немаше лекар кој необавува да речеме 5 пати во месецот дежурства, што е за една година 60 , за 10 години 60 работни денови прекувремено, за 20 години 1200, за 30 години да не зборуваме, над илјада и осумстотини работни деновиостварено преку времена работа и тие не му влегуваат во пензискиот основ, односно во пензискиот стаж.

Според тоа, во овој Нацрт на закон предлагам задолжително тоа да биде внесено, секоја прекувремена работа што е обавена во часови да се пресмета и да биде внесена во пензискиот стаж. На тој начин ќе може луѓе со навршени 60 години да остварат дури 40 години пензиски стаж и со тоа фактички со полн стаж да одат во пензија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

IV/2.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, основно ќе кажам колку моите размислувања за донесување на овој закон, се однесуваат на причините за негово донесуваше и поинакво решение на дадените предлози од предлагачот.

Во однос на првото, дали има потреба или не, говорам да и сметам дека законот требаше да оди многу порано за да не дојде до сегашните состојби кои ги имаме реално во животот.

Потребата од донесување на овој закон оди и од одредбата н член 1 став 1 од Уставот на Република Македонија, каде се вели дека Република Македонија е суверена самостојна, демократска и на крајот говори социјална држава, па некои сметаат дека се друго е социјала освен пензиите. Не, тука е интервенцијата на државата да ги решава основните прашања околу вториот дел на животот на граѓаните на Македонија кога ќе дојде во позиција да не е во состојба сам да стопанисува и да се издржува.

Поради тоа, сметам дека овој закон треба да има основно начело, острвувањето на правото на пензија да биде по основ, на проведениот стаж и од здравствените причини. За мене откупот на стажот сметам дека не би требало да постои. Тој создава социјала во социјала Ова сакам и да го појаснам.

Со откуп на стаж доаѓаат луѓе кои го откупуваат минимални стаж што е предвиден, за жена 20 или 25 за маж, па останува уште работниот век повеќе од 30 години, а тој е пензионер. За него нема кој да придонесува, за него нема кој да плаќа, а тој покрај социјалата ни чини и политички субјект, кој создава непријатности во државата. Дали ова на

некои од политичко уверување му годи или не, тоа е друго прашање. Меѓутоа, ова е од позицијата на уставното решение дека државата е и социјална држава. кога ќе се избира што државата ќе почитува и ќе го смета за социјална појава, ќе мора преку одредените законски решенија тоа и да го оживотворува. овој закон е токму еден од тие.

Зошто тоа го велам?

Денес имаме една реалност. Дали тоа е точно ако не сум точен, ова го говорам од податоците што ги добиваме од средствата за јавно информирање дека сега на товар на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се околу 200 илјади или повеќе од тоа, 218 - 220 илјади луѓе, бројката ја земам од прилика, меѓутоа, тука сме, имаме толку пензионери корисници, а од друга страна имаме кои плаќаат придонеси околу 150 илјади. Сега земете го индексот. Ако индексот е 100 да примаат пензија 220 илјади осигуреници еден милион, а овие кои плаќаат придонес со 18- 20%, а се бројчено за 100 илјади помалку, тогаш колку ќе треба да бидат тие да примаат и остваруваат за да можат да ја платат. Тоа е едниот момент.

Вториот дел е, како овие луѓе кои работат ќе плаќаат за оние кои се способни, а не работат. Тогаш ќе се одземе правото на овие луѓе кои навистина работеле и заработиле нешто да можат да имаа право на пензија.

Вториот дел што сакам да го кажам е во однос на пензиската основа, што се дава од самиот предлагач. Размислува, дава основно решение и дава алтернатива. Првото решение говори за 10 годишен просек во времетраење после 1 јануари од 1970 година, па до донесувањето на овој закон. Би било нормално тоа да се прими како

стекнато право меѓутоа, кој ќе го користи тоа право: Дали тие луѓе што на денот на донесувањето на тој закон ги исполниле тие услови или и оние кои досега имале одредено стекнато право и уставна законска гаранција дека промените што ќе настанат ќе ги заштитат нивните права од понижување. Зошто го кажувам ова? Ако се прифати алтернативата, алтернативата говори за севкупниот стаж, го утврдува месечниот просек на сите примања, почнувајќи од 1 јануари 1970 година до исполнувањето на условите. Точно е тоа дека има некоја смисла. Меѓутоа, колеги пратеници, ние и сега имаме Закон за работни односи кои е на сила и говори дека оние кои ќе наполнат 30 години работен стаж не може да се отпуштат од работа или ако се разместуваат на други работни места, нивните приходи односно плати може да се менуваат кон помали. Ако ова е уставна гаранција преку тој закон за работни односи, тогаш ова решение е контра на таа уставна гаранција. За да нема ваква разлика околу правата на граѓаните, јас би предложил такво решение што и во белиот свет се зема, целиот пензиски стаж, како ова до стапување во сила на овој закон да се внесе одредба која ќе дозволи осигуреникот да избира свои 10 години кои ќе му бидат утврдени како основица, тоа е таканаречено стекнато право и од сега натаму она што ќе му остане во вториот дел на работниот стаж да се заметува целосно, а како преодна одредба да стои 5 години за оние кои во рок од 5 години, како во Законот за работните односи се штитат, така и со овој закон да се заштитат за 5 години да не можат да добијат пониска форма односно понизок пензиски основ. Ова е стекнато право кога граѓанинот ќе го користи спрема државата. Ова го говорам од причина што државата се прокламира како заштитини на социјалата и таа е во обврска ова да го почитува. Ние како законодавно тело ова мора да го имаме предвид и мора да го

почитуваме. Ако тоа не го направиме , Уставниот суд би бил должен тоа да го стори и да го заштити граѓанинот во неговите права.

Сакам нешто пак начелно да говорам во смисла на одредбата од член 37, која ја сметам исклучиво како последица на договорното стопанство. решението се нуди, а начелно како почнува е добро дека најголема пензија може да биде 85% од просекот на примањата во годината во која тој оди во пензија. Меѓутоа, после запирката се прави јасна дистинкција и се воведува за мене, така да го наречам, еден "дивјак". Вели: Зголемена за 4 пати. Замислете сега, зголемување на основот за 4 пати дали пак ние ќе треба да слушаме кога граѓаните ќе викаат: Па јас од кој ред граѓани сум, ако е социјала, и пензијата е социјала, 'зошто сега државата мене ме прави посебно социјален случај, а некого го прави овластен случај. Што се случува? Јас немам ништо против за повеќекратно зголемување на користење на оваа пензија. Решението ќе може да опстане само ако за ова има и економска подлога. Што подразбирам под тоа. Ако корисникот до 4 пати еднаш, два пати три пати има зголемување до 4 пати, ако придонел тоа да се зголеми. На тој начин тоа се чини? Со посебен договор и тој да плати посебно осигурување и да си договори посебно право. Тогаш би било и економично и разумно, оној кој може да плати нека користи, по принципот на повеќе видови на чевли, плаќа кој колку може и тоа го користи, меѓутоа, основно е да се обезбеди некои да има обувки да не страда од мраз и непогодноси.

Затоа, предлагам оваа одредба, ако не се брише, да се услови само врз основа на договор за посебно плаќање на придонес, кој не може да биде помал од користеното право. Што значи тоа? Значи некои ако искористил право да вложил во користењето, дал илјада денари и добие 850 денари како пензија, ако некој сака да му се зголеми пензијата,

тој ќе мора да плати уште 4 пати, па да може да има 4 пати користеше . Дали е или не - дозволете , кој за него се залага тоа е негово право, ова е мој предлог и размислување, сфатете го како право, а правото мора да има основ. Ако ова немаме од каде да го покриеме, некој од овде од оваа говорница говореше за 30 илјади денари пензија, што излегува повеќе од платата на претседателот на Републиката, тоа би било навистина аномалија во едно општество во една основна пазарна економија да оди во пензија со поголеми плати од оној кој ја создава и ја води државата. Тој човек во наредниот период после еден или дава дена, по една недела, месец или два поради економска моќ, а не давајќи од себе посебно , бара и посебна заштита за својот капитал кој му го остварува државата.

Тоа се моите забелешки, од една страна.

Ако ова се утврди вака, како што предлагам јас и ставам забелешки, што ќе се намали, нема да имаме нереално плаќање на пензиите. Нераеланоста се состои во нередовноста, затоа што ако некој не ги прими парите на време вовреме на инфлација, тоа е нереална пензија. нереланоста поаѓа од оние корисници на пензијата, без основна, само имаат законска, а без основа капитализирано право. Тогаш ќе ни се случува пак оваа работа пензионерите да се плашат дали ќе дојде први да се плаќа правата, втората, третата или петтата група и на крајот на годината да останат без две, три или повеќе пензии. Ние сакаме мир во куќата, сакаме достоинство на човек, а не му создаваме економска можност. Парламентот е должен на својот граѓанин да му обезбеди мирен и спокоен живот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Никола Поповски:

IV/7.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мене навистина ми е жал, меѓутоа, во оваа фаза нема да можам да гласам за Нацртот на законот за пензиско и инвалидско осигурување од причина што одредени сугестии кои во првата фаза при донесувањето на законот беа дадени Владата НЕ ГИ УВАЖИ: Мислам дека тие забелешки се од карактер кои веќе ја одредуваат концепцијата на пензискиот систем и мислам дека со гласањето на овој закон дефакто Собранието ќе даде виза на Владата оваа концепција да ја предложи и во Предлогот на законот, кој веројатно со амандманите нема да може премногу да се модификува и затоа не сум спремен да гласам за овој закон од причина што моите видувања за пензискиот систем се видувања кои поаѓаат од претпоставката дека пензискиот систем ќе треба во себе подеднакво да инкорпорира два принципи, едниот е принципот на одвојување врз основа на тоа стекнување на пензиски средства и вториот принцип, со сема во апсолутна смисла подеднакво важен како и првиот, а тоа е принципот на солидарност во пензискиот систем. Мислам дека овој закон едниот принцип го третира на многу подостоен начин, а принципот насолидарност е третиран на занемарлив начин и мислам дека од тие причини нема да можам да гласам за Нацртот на законот за пензиско и инвалидско осигурување а би гласал за таков закон кој во себе ќе инкорпорира принцип на солидарност до таа мерка да не може една категорија на граѓани која е специфична и социјална, меѓутоа, според мене и многу специфична биолошка категорија на граѓани, да се доведува во позиција да има толку нерамноправни приходи од една до друга категорија , да се нарушува - некои пратеници зборуваа за тоа - целокупниот нивен живот и до таа мерка да се раслојуваат не врз основ ана труд или врз основа на вложувања, туку врз основа на социјално третирање од страна на државата во вид на закон на одделни категории, едните се доведуваат во позиција, во иста позиција како и другите.

V/1. РД-ВБ

**НИК0ЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Па, закон за едни категории без можности со труд или со други извори на средства да стекнуваат средства за сопствен живот заради старост, заради биолошка невозможност да стекнуваат средства се доведуваат во позиција, само заради тоа што во текот на работниот век немале можности да придонесуваат толку многу за да го добиваат делот во пензискиот систем во постари години кој ќе им овозможи соодветен живот, мислам дека од тие причини мора да се воведе многу поголема количина на солидарност во пензискиот систем за да може пензионерите во Република Македонија да бидат она што со овој закон ги третираме, луѓе кои немаат сопствени приходи по сонов на сопственост, или по основ на труд, напротив се во еден вид на социјално третирање од страна на државата. Можеби ќе направам една неумесна компарација, може да се уважи, може да не се уважи, меѓутоа,. за мене со оглед на тоа дека со законот потпишуваме став и донесуваме одлука за висината на стапки, односно на тоа се распределуваат пензиите, системот на пензиското осигурување треба да се гледа како еден дел од поширокото зафаќање за даночниот систем, или ако сакате воопшто кај заедничката потрошувачка како што беше до сега, или пак во јавна потрошувачка, мислам дека тука не треба да се сведе принципот до крај кој колку издвојувал толку и да добива во основа затоа што ако тие принципи ги примениме и кај другите средства во јавната потрошувачка, на пример здравството тогаш ќе се доведеме во позиција оние кои одвојуваат заради нивото на личните примања малку во здравството да се лечат во понеопремени здравствени установи и оние кои одвојува заради висината на приходите многу да ја вршат својата здравствена заштита во добро опремени болници. Оние кои за образованието двојат малку заради висината на приходите да учат во училишта каде што има недоволно финансирање од страна на државата, а оние кои двојат многу за процесот на образованието заради ставката која произлегува од

примањата да учат во училишта кои имаат многу повисоко ниво на опременост. Мислам дека таа филозофија која ја следиме во сферата на образованието, во здравството и во другите домени кои се домени на социјалната политика пошироко сфатено на државата, треба многу повеќе да се следи и во пензискиот систем и од тие причини мислам дека нема да го прифатам овој нацрт на закон.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани потпретседателе, почитувани колеги пратеници, иако имаше доста корисни и би рекол конструктивни дискусии, сепак чувствувам за потреба јас да изнесам некои мои видувања во поглед на потребата од регулирање на оваа област од една страна, како и во поглед на поедините решенија кои што треба да бидат содржани во едниот закон.

Јас исто така лично ценам дека донесувањето односно изготвувањето на овој нов закон кој што ќе ја регулира областа на инвалидско пензиската заштита е апсолутно потребно, бидејќи досегашните решенија во новосоздадените услови како такви се неприфатливи и тие бараат едни квалитетни изменувања. Посебно е ова битно што во сегашните состојби Фондот и оваа категорија на граѓани кои што имаат значаен придонес во историскиот развиток на Македонија се наоѓаат во една посебна деликатна; состојба. Така да потребата од донесување на нов закон лично ценам дека заслужува потполно внимание и во тој контекст важноста и потребата од едни квалитетни решенија и наша внимателност во изборот на тие решенија заслужува посебна грижа и посебно внимание Пред малку реков дека овој закон треба да ја регулира судбината или односите на категорија на граѓани кои што дале значаен придонес во развојот а оваа материја не завршува со оваа генерација, бидејќи оваа област продолжува и ќе се однесува повеќе и на идните генерации и од таа причина грижата за еден

поодговорен однос доколку е и поголема. Донесувањето на овој закон овде повеќе од дискутантите рекоа дек треба да ги подобри сегашните состојби во оваа област. Јас лично мислам дека тоа е и потреба, меѓутоа делувањето на новата регулатива која треба да биде содржана со овој закон, тек треба да претстои, така да донесувањето на овој закон не значи и решавање на сегашните моментални проблеми. Тоа е едно прашање кое заслужува и интервентно реагирање на Владата и на Собранието со додатни решенија кои што ќе ги решат сегашните сериозни проблеми во областа на инвалидско - пензиската заштита.

Во поглед на принципите на кои треба да почива понатамошното решавање на областа на инвалидско - пензиската заштита, јас исто така се залагам дека тоа треба да биде законски регулирано како врска на државата што произлегува од уставните решенија, да биде заштитен принципот на солидарност и обезбедување на една социјална сигурност на граѓаните работно ангажирани во нивниот вкупен животен век, но истовремено се залагам и за нови принципи кои што ќе базира на личниот удел, придонесот на граѓанинот преку неговото работно ангажирање и работниот век и со примената на новите принципи на пазарната економија секако со едни прелазни периоди до создавање на една сигурност од тоа што нема да произлезат потешки консеквенции на оние граѓани работно ангажирани во изминатиот временски период.

Второ што сакам да укажам тоа е тој мора да ги опфати сите граѓани работно ангажирани или и граѓаните кои што не биле во можност да бидат во позиција да добијат работно место. Од тие причини неопходно е потребно овие права и обврски да бидат проширени поконкретно би ги спомнал и следната категорија на граѓани. Прашањето на збринувањето на земјоделците кај кои што основното занимање е земјоделството, кај нив мора да се изнајде поадекватни решенија во поглед на обврските за време на нивното работно ангажирање, така и во делот на периодот кога тие треба да ги користат благодетите односно

V/4.-

поволностите  за она што тие створале или придонесувале за време на нивното работно ангажираше. Исто така во овој дел треба да најдат посебно место категоријата на граѓани која што е значајна бројка, а која од разни причини не нашла можност подолг временски период да биде вработена.

Значаен дел од оваа структура на граѓани неработно ангажирани ќе се судираат во текот на времето со сериозен проблем. Од тие причини државата нужно е да размислува на изнаоѓање на поадекватни решенија со кои ќе се обезбеди одредена социјалана сигурност на овие граѓани во поодамаклите години од нивниот животен век.

Понатаму во решенијата мора да се изнајдат и посигурни извори за финансирањето на издатоците, односно на потребните приходи со кои што ќе располага фондот, односно таканаречениот фонд сега како институција која што се споменува во законот или тоа ќе биде да кажеме некоја друга форма со која ќе бидат регулирани овие односи на финансирање. Во тој контекст мора да се оди на изнаоѓање на решен» ја на долгорочен план, што значи решенија кои ќе обезбедат една потрајна сигурност и како права и како извори, а истовремено би требало уште на почетокот со донесувањето на законот да се изнајдат моментални решенија, таканаречени палијативни за разрешување на сегашните сложени состојби. Во тој дел треба да се користат искуства- та на повеќе развиени земји во кои што оваа проблематика е доста добро регулирана за која мислам во дискусијата која што беше веќе беа кажани и поконкретни примери за поедини земји. Ќе се согласиме и со тоа дека основен проблем со кој ние денеска се среќаваме по ова прашање е слабата материјална положба на стопанството и на државата. Секако

дека тоа има еден значаен удел во сегашните состојба. Меѓутоа, со изнаоѓање на поквалитетни решенија на подолгорочен план лично мислам дека работите можат да бидат квалитетно изменети. Во тој дел посебно сугерирам на можноста на институцијата, дали тоа ќе  биде фонд или некоја друга да може да се појавува во тие односи како

V/5.-

корисник на средства по разни основи. Дали тоа ќе бидат кредити на подолгорочен план, дали тоа во содејство со државата за распишува* да кажеме на заем или слични решенија преку кои ќе може за одреден временски период додека се стабилизира материјалните состојби на оваа институција да може да бидат надминати сегашните состојби.

Понатаму, се залагам во решенијата институцијата која ќе ја креира политиката или која ќе биде носител на областа на финансирањето да биде посебна самостојна институција која ќе има посебно, или да на кажам вака стимулирано место во државата, а органите на државата, вклучувајќи го и Собранието треба да дадат еден значаен допринос со кој да се поставаат такви принципи оваа институција да не зависи од дневната политика, да не зависи од одредени да кажеме моментални тешкотии и проблеми, напротив со кои ќе се овозможи таа да стане значаен и јак чинител во државата, а со тоа ќе гарантира и ќе биде во можност да обезбеди сигурни решенија и извори за финансирањето на потребите во делот на инвалидската и пензиската заштита. Затоа државата, преку тоа и Парламентот секако Владата како извршен орган има посебна одговорност за ова прашање и мислам дека сега е моментот при градењето на новите решенија за регулирањето на ова прашање да се посвети едно максимално внимание. Решенијата кои што се понудени во законот јас ги оценувам како појдовно добри, иако овде во дискусијата беше речено дека тие во најголем дел се засниваат на сегашните решенија и дека многу малку се дополненијата со новите потребни решенија кои се при- сутни во развиените земји. Од тие причини се залагам да се изврши квалитетно подобрување на решенијата понудени во Нацрт - текстот, а секако базирани на искажувањата од расправата по овој Нацрт-закон.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, имаше многу солидни дискусии, ги прифаќам сите што беа во прилог на подобрување

V/6.-

на овој закон и нормално тоа е од насушна потреба мислам во овој даден момент за донесување во Република Македонија и ние како пратеници мораме посериозно да се однесуваме кон него. Јас нема многу да должам, бидејќи имам едно задолжение од повеќе работни организации во општината Битола во кои спаѓа и РЕК, особено од оние луѓе кои се на некој начин на самото работно место со намалена работоспособност и прераспоредени на други работи и задачи. Станува збор овде за член 64 од овој Нацрт-закон во кој е утврдено на кој начин ќе се исплатува надоместокот на пари за она работно место каде што работоспособноста му се намалува, а треба да се надомести од првото работно место каде што работел работникот. Тоа значи дека во втората алинеја правото на паричен надоместок по член 56 точка 4 и 5 на овој закон кој што осигуреникот го остварува во Фондот, ова за мене е неспоиво бидејќи и такви ми се заложбите од повеќе организации во општината Битола. Всушност, тие работници со намалена работоспособност инсистираат и укажуваат дека подобро би било ваквиот надоместок да се дава во самата работна организација, а не од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Еве го нивниот став, јас не сакам да ви укажам и од поранешни закон за кој тие се жалеа и веќе Уставниот суд се има произнесено и има укинато некои одредби, а се со цел да не се прави една двојбеност во тој поглед. Видете зошто, Фондот за пензиско инвалидско осигурување е едно и во него се исплаќаат пензиите на пензионерите, додека овие лица кои имаат намалена работоспособност не спаѓаат во категорија на пензионери и нормално работната организација треба да го надоместува тој личен доход за она работно место каде што биле тие хендикепирани по било која основа заради која е намалена работоспособноста. Значи да потврдам и завршувам стриктно се бара и лично јас овде како пратеник барам до ресорното министерство оваа одредба да се изнајде. Да прифатите надоместокот да го врши работната организација од каде што потекнува работникот, или каде што е направена таа повреда на работникот.

V/7.-

Уште на крајот имам една заложба, овде еден колега мој дискутираше ми се чини за тоа за категоријата земјоделски пензионери вие добро се сеќавате дека тие имаат половичен износ на пензија и за оваа година. Посебно сакам да укажам дека состојбите во Република Македонија се такви и овие пензионери се во многу мал број мислам дека оваа година треба да се направи напори по било која основа да се изнајде решенија да добиваат целосен износ или барем во оној износ кој претставува минимум на просечен личен доход во Република Македонија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа, неколку начелни забелешки во врска со предложениот закон.- Тој е многу важен, се разбира, трудот е голем што е вложен во овој закон, чувствителноста на материјата е огромна меѓутоа, еве неколку забелешки.

Прво, законот навистина непотребно е преобемен, екстензивно е напишан, рационализацијата на текстот е повеќе од потребна, само ако го споредиме со текстот на Уставот ќе видиме колку е поголем и потежок за читање, а треба да биде многу јасен,- многу прецизно напишан со кратки реченици итн. Но тоа е да речеме еден формален аспект но многу, многу важен.

Второ, тој сепак не се одлепува од досегашниот концепт, измените се сепак мали за да претендира за нов закон.

VI/1 СЈ/ЛБ

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Во него едноставно има поправки на досегашниот закон. Тие се наведени во образложението, и би потсетувал на нив. Меѓутоа она што е основно во врска со концептот е важно да констатираме дека тој останува на позициите на концептот на минатиот труд како што се образлагаше во досегашниот систем, што е голема , голема фалинка и што се разбира не издржа проба на времето тој концепт, концепт на минат труд од познатите творци. Според тоа, кога се работи за пензискиот систем особено за јавниот пензиски систем бидејќи се работи за јавен фонд, претежно, јас сум на стојалиште дека треба повеќе д доминира категоријата солидарност отколку оваа концепција која што никогаш не се изведе, ниту можеше да се изведе од тој концепт на минат труд. За тоа треба добро да се размисли, но сега е тој граден врз тој концепт.

Трето, овој закон говори само јавниот труд и неговата амбиција е да го регулира тоа прашање, не вклучува одредби за можното основање на приватните пензиски фондови, ниту има амбиција да вгради регулатива, а забрана со уставот за тоа нема туку напротив ќе треба да се формираат приватни пензиски фондови. Едното со другото не се исклучува, меѓутоа останува отворено тоа прашање. Што ако некои сега сакаат да оснивaат приватни пензиски фондови, ќе треба ли некоја регулатива во врска со нив и слично на тоа. За да се запази духот на концептот што го градиме односно Уставот очигледно дека мора за таа работа да се размисли со овој закон бидејќи со друг закон нема смисла да се регулираат тие прашања, ако веднаш утре дојдат на дневен ред. Тоа е многу важна фалинка на овој текст да се предлага.

Четврто, со законот, условно речено, за приватизација, не го изговарам целото име на тој закон, нели е долг, јавниот фонд овој за кој

што главно се однесува овој закон, тој фонд ние знаеме дека добива според тој закон пред преференцијални акции со процент кој што не е за потценување. Одредби за тоа прашање во рамките на финансирањето на јавниот фонд фактички не постојат во овој текст кој што е понуден. Очигледно ќе треба некоја грижа, како, што , тие преференцијални акции што ги добива јавниот фонд, тоа се петнаесетина проценти од општествениот капитал, или 20% да не заборавив. Тоа се 15%.

Петто, во развиените земји има јавни приватни фондови. кога пензиите се обезбедуваат од јавните фондови разликите во ви- сината на пензиите се многу помали од овие што ги овозможува нашето законодавство, разлики во висина на пензиите доаѓаат до израз кога се алиментираат пензиите од приватните фондови. Значи, во врска со тоа исто така треба да се размисли. Разликите во висината на пензиите не треба да бидат толкави. Тоа не значи дека треба да бидеме сфатени, дека тие што имаат повисоки пензии дека треба да се намалат, напротив треба со одреден процент на стеснување на маказите што постојат меѓу пензиите бидејќи концептот јавниот фонд потпрен на понагласена компонента солидарност мора да го има тоа во вид. Оној другиот концепт минат труд итн. тоа можеби би овозможувал вакви разлики на пензиите какви што денеска се појавуваат. Значи сепак се работи за концептот, за пристапот во изградувањето на механизмите и системот на пензиското осигурување.

Шесто, ние имаме ситуација на извонредно брза продукција на пензионери која е резултат на две основни причини првата е, на целиот овој застој економски, на цела оваа деструкција на економскиот организам, на ова долгогодишно враќање назад во областа на развојот, економијата, тоа е едната причина. Втората причина е на

законодавството што досега постоеше и која што произведуваше многу брзо и многу лесно пензионери со скратување на работниот век, со докупи со откупи со чувствителни критериуми за инвалидски пензии итн. Во законот има некаков обид за смирување на таа динамика на продукцијата на пензионерите, меѓутоа мислам е недоволно енергично, а ние доаѓаме во ситуација сега бидејќи вкупниот број на приватно вработените не го знаеме официјално точно односно има некакви податоци, ако ги споредиме податоците за вработените во општествениот сектор кои што се спаднати некаде на 400 и два триесет илјади и ако видиме дека бројката на пензионерите е 2 05 илјади, сите вкупно пензионери, ќе видиме дека веќе половина од вработените во општествениот сектор односно бројката на пензионерите веќе достигнала половина од таа бројка на вработените што е нон сенс. Значи овде треба поенергични мерки бидејќи цело општество со законите и со оваа економска криза ќе го претвориме во пензионери а такви фондови не ќе можат да се обезбедат. Значи и тука треба да се направи нешто повеќе.

Седмо, кога се работи за пензии и кога се работи за луѓе на таа возраст и кога се работи за луѓе кои што немаат други извори на приходи особено во системот во кој што ние живеевме и од кој што излегуваме исклучително важно е покрај висината на пензијата редовноста на исплатата на пензиите. Не може да допушти држава што се прогласила себеси и уставно за социјална итн. пензиите да доцнат по 3, 4 месеци и слично на тоа. Покрај онаа висина која што не знам како им стигнува на пензионерите уште и да се задоцнува со неколку месеци тоа е навистина недопустиво. Мора да се гради механизам кој што ќе обезбеди сигурна исплата. Значи едно е прашањето на висината на пензијата, друго е прашањето на сигурноста, редовноста на исплатата на пензиите.

Осмо, овој закон повторно експериментира со земјоделците, еднаш задолжително, сега повторно, доброволно, повторно, така категорија на луѓе е ставена во нерамноправна положба, а и тие навршуваат шеесет и шеесет и пет години, а и тие доаѓаат во ситуација да не можат повеќе во времето после шеесеттите години да обезбедат егзистенција. Според тоа, овој експеримент исто така не е добар и едноставна не ги става граѓаните во еднаква положба, пак ќе речам ако во концептот се вградува компонентата на солидарност на општеството кон луѓето кои што во одмакнатите години не се во ситуација да ја обезбедуваат својата егзистенција со продуктивен директно ангажиран труд.

Деветто, една сугестија да се ослободи овој закон од термини реалсоцијалистички, тоа ни се повторува во многу закони, заради тоа што некој друг закон односно во некој друг закон терминот е таков и се презема од тој закон во овој закон, како што се термините лица кои вршат дејност со личен труд итн. итн. има и некои други ситници. Еве, тоа би биле некои начелни забелешки во врска со ова.

Благодарам.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас немав дискусија, но две дискусии кои беа овде речени ме поттикнаа или да речам ме предизвикаа да го кажам своето мислеше по нивните заложби, кое е спротивно од нивното, па сметам не би било коректно да останам должен овде заради тоа што можеби ќе има влијание према изработувачите на законот тоа да се примени.

Првото е мислењето кое беше изнесено од господинот Котевски према некои барање на инвалидите на трудот дека апсолутно треба на надокнадата по основ на ивалиднина да ја плаќа работната организација. Јас имам спротивно на тоа мислење и ќе кажам зошто така мислам. Така мислам заради тоа што, прво ќе кажам како е фондот да речам

контитуиран или формиран и каков е законот. Се вели, фонд за инвалидско, пензионо осигурување. Според тоа се работи за осигурување на инвалиди и на пензионерите, ако оваа теза ја прифатиме значи треба да имаме посебен закон за пензионери а инвалидите треба да бидат во работното законодавство.

Второ, но тоа можеби е најмалку како форма, но суштината е во следново: по мое мислење е неприфатлива таква теза дека сите инвалиди на трудот треба да бидат на товар на работните организации, затоа што немаме инвалиди на трудот само по основ на повреда на работа или врз основа на професионално оболување за што евентуално би могло да се прифати една таква теза. Но една мала анализа ако земете или ако земете статистички податоци дека сигурно преку 90% од инвалидите на трудот не се по основ на повреда или по основ на професионално оболување, туку се по основ на болест што е природно, воопшто не зависи од работната организација, каде работел, туку природно болен човек. Се работи дека има огромен број инвалиди на трудот кои што настанале по повреда надвор од работа, во кафеана во тепачка, на улица, на свадба итн. приватно работел со трактор со моторка итн. и сега која е тезата или образложението дека работната организација или да речеме утре во приватниот сектор кај приватникот ќе го држи таков кој работејќи на својата нива или возејќи го својот трактор се повредил, тој него да го плаќа понатаму како неспособен работник затоа што тој се повредил со својот трактор или заради тоа што сечејќи со својата пила тој се повредил итн. и треба да го плаќа некој него. Според тоа мислам таква една теза за мене, евентуално би можела да се подвргне на некакво прифаќање ако речеме дека инвалидите по основ на повреда на работа и инвалиди по основ на професионално оболување од работа, но сите други инвалиди тогаш би требало тотално да заминат од работната организација и да паднат на фондот или на

некои социјални фондови. Во оваа ситуација сега кога работните организации без разлика на предизвикувачот на инвалидност без разлика на тоа кај се повредил, прво мора да го вработи, а второ мора да дава да партиципира во неговата плата, мислам дека таа теза е неиздржана. Имам статистички податоци дека преку 90% барем од организацијата од каде што јас доаѓам тие се карактеристични поради условите на работа да оболуваат со голем број на инвалиди, практично сите оние што ги реков многу малку се инвалиди по основ на повреди професионално туку се од друг карактер.

И трета работа што сакам да кажам кога исто така може овде да се каже, а тоа е дека имаме ние еден огромен број на инвалиди кои доаѓаат како инвалиди со заснивање на работниот однос. Имено, уште во фазата на добивање на лекарското уверение практично носат во себе потенцијално оболување каде што се неспособни за работните места каде што треба да работат, но поради разни социјални па и некои други услови се добиваат лекарски уверенија и се заснива работен однос> а последна година, година ипол или малку покасно или малку порано се добиваат лекарски уверенија дека рабоптникот е неспособен за тие работни места. Практично имаме инвалид на трудот кој бил инвалид пред да заснива работен однос. И, сега паѓа на товар на работната организација и која е логиката таков еден човек до крајот на работниот век, а има такви .

И последно што сакам да кажам по таа основа, бев предизвикан, а тоа дека ние имаме инвалиди на трудот, така наречени способни инвалиди. Тоа се инвалиди на трудот кои стануваат инвалиди по основ на разни канали со познати принципи, така да практично има одреден канал кој многу лесно или со многу малку средства се станува инвалид на трудот, тоа во сите организации не е многу примамливо, но во некои организации, еве од организацијата од каде што јас доаѓам, од

рударството е многу примамливо да се стане инвалид на трудот, но да не бидеш инвалид туку да бидеш здрав. Значи, да бидеш способен инвалид, по разно разни основа да се дојде до тоа лекарска комисија да те прогласи за инвалид на трудот и после тоа практично земаш примања како што некој работи во јама, примањата нормално треба да бидат еден , два или повеќе пати поголеми од оние што работат надвор, а си способен,. практично има такви многу.

Тие сите се аргументи кои кажуваат дека најмалку треба да се прифати една таква теза и треба да се бара начин во овој закон во понатамошна обработка, според мое мислење, да се разграничат инвалидите по основ на повреда, по основ на професионално заболување и инвалиди кои настанале по оние основи кои досега ги дискутиравме.

Кога сум на говорницата да го искажам и моето несогласување со мислењето кое беше искажано од пратеникот Никола Поповски каде што се залагаше дека треба исклучиво да биде од прилика солидарноста треба да биде таа која би ги одредувала пензиите и ги наведе двата примера со школството и здравството. Ако се земат само тие две основи можеби човек со таа нишка и да ги прифати. Но ако земеме да продискутираме дека и во тие установи треба и понатаму да се работи дека ќе има разлика и таму на начинот на школувањето и начинот на лечењето итн. и такви се светските искуства, мислам дека не би требало да држи дека сите пензионери треба да имаат исти пензии бидејќи ако погледаме да речеме во приватниот сектор каде што нема плата, тој практично треба од некои негови заработувачки, се профит да плаќа пензиско осигурување, практично која би била неговата категорија тој утре да има иста плата со некој друг колку тој би требало да плаќа практично толку колку што некој во просек плаќа, а мислам дека тоа е неиздржливо бидејќи тој треба да се одреди колку ќе плаќа да би сакал утре, во тие години кога тој  колку од прилика ќе има некаква негова

социјална сигурност.

Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Котевски, реплика.

(од место пратеникот Котевски вели дека тоа не е реплика)

а не е, немојте сега чекајте сега не сте на ред.

На ред е господин Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници, изјаснувајќи се понатака по нацрт на законот за пензиско и инвалидско осигуруваше мислам дека неодменлив и најбитен критериум е дали тој нацрт на закон со своите решенија содржани во него дава во исто време решение на обременетата состојба во однос на пензиониот и инвалидскиот фонд и воопшто во сферата на пензионото и инвалидското осигурување. Поставувајќи го овој критериум како прашаше и споредувајќи го со конкретните решенија во самиот нацрт на закон мислам дека и те како во делот на зголемувањето на старосната граница, во делот на зголемувањето на годините за пензиски стаж потребни за старосна пензија во утврдувањето на порестриктивни услови за предвремена пензија, порестриктивни услови за докуп на стаж што се утврдува само во случаи утврдени во Законот за работни односи, одредуваше на нов начин на пензиската основица, намалувањето на погодностите на посебната категорија осигуреници припадници на АРМ, на МВР и други кои се корисници од поранешните сојузни прописи мислам дека со овие мерки, овој закон, основната состојба во пензионото, а тоа е дека е многу голем бројот на корисниците на пензиите ви за ви активните осигуреници. Со овие мерки кои ги кажав и со неколку други кои што се содржани во самиот нацрт на закон повеќе од сигурно е дека ефектот за подобрување на соодносот помеѓу активните осигуреници и корисниците сигурно дека ќе се подобри.

Тоа сигурно како една форма ќе биде и решение за зголемувањето на обемот на обезбедуваше на средства, нормално, бидејќи се помалку корисниците на пензија овие од иден прилив, но тука се поставува едно прашање во делот на концептот за обезбедување на средства.

**ПАНЧО МИНОВ**: (Продолжени)

Мислам дека концептот останува ист што значи на тој план како извори на средства поголеми ефекти, бидејќи сегашната состојба е позната, а познато е и во образложението на Законот стои дека таа репродуцира загуби во работењето на Фондот, мислам дека опстојувањето на постојниот концепт на извори на средства за пензионото самиот даваипростор заради неповолностите во финансирањето на Фондот до сега, дава простор за размислување за измена во насока која ќе зафати друга методологија на зафаќање со осигурување на корисниците која и по опфатеноста, а потоа како извори на средства што значи нивно проширување, што значи утврдување на нивна поголема сигурност како и во делот и понатаму кога се работи за усогласување на пензиите со самата методологија дали се врши усогласување според порастот на платите на сите вработени, според порастот на платите во сферата каде што се сите други дејности од нестопанството, мислам дека на овој план со овие решенија во Законот не се дава една гаранција за нешто поквалитетно да се очекува а тоа е фактички основната цел на овој закон, односно да се подобрат изворите на средства за финансирање на Фондот што ќе значат едно посигурно и понавремено исплатување на пензиите и поквалитетен износ на истите.

Во таа насока сметам дека предлагачот при изготвувањето на Предлогот има простор, а тоа беше кажано и од неколкуте дискутанти на тој план да понудиме односно утврдиме други решенија.

Конкретно, кога се работи за неколкуте решенија кои се да дени во алтернативата мислам дека во делот на начинот на осигурувањето за размислување е да се прошири доброволното осигурување и на другите области од приватниот сектор, исто така и во делот на опфатноста на новите структури осигуреници. Сметам дека не треба индивидуалните

земјоделци како чисти земјоделци да бидат опфатени под задолжителното осигурување, тоа е реагирањето на најголемиот број на чисти индивидуални земјоделци на кои исклучиво занимање им е земјоделието. Инаку во алтернативното решение за пензиската основа мислам дека так стои во Законот да не се прифати алтернативата односно сите години од пензискиот стаж да бидат основица за утврдуваше на пензијата односно да биде постојното решение од образложението дека тоа е повеќе од јасно дека е понеповолно за идните пензионери и на некој начин би ги ставиле во нерамноправна положба со пензионерите кои веќе тој статус го имаат остварено.

Со мерките кои утврдуваат најниска пензија, највисок износ на пензија, мислам дека се воведува една новина која од досегашното спроведување; на Законот за пензии во овој дел односно тоа се границите на највисоката и најниската пензија реагирања и на крајот на краиштата социјални неправди, голем број се изразуваат на големите разлики во однос на износите на пензиите.

Мислам дека со утврдувањето на ваквата најниска пензија која ќе гарантира материјална и социјална сигурност и највисоката пензија која ќе гарантира една оптимална, рационална разлика, помеѓу неа и најниската пензија како и основното решение од членот 39 кое дава можност во случај на создавање на поголем број разлики во нивоата на износите на пензиите заради остварување на истите во различните категории да се интервенира на нивно усогласување односно да се усогласат евентуално енормно големите разлики во пензиите, сметам дека со овие мерки во Законот се едно добро решение и најголемото реагирање што досега се имаше во оваа сфера на исклучиво прогресивен пораст н пензиите кај најниската и највисоката пензија

репродуцираат уште поголеми разлики со овие мерки, а посебно со можноста за интервенција во членот 39 во случај на настанување на такви големи разлики во пензиите, мислам дека тие така кажано условно неоправдано високи разлики во пензиите ќе бидат надминати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, не беше зборот за реплика, нормално си се јавува за дискусија, бидејќи разните изнесувања овде на пратениците ќе произлезе некое друго прашање на кое мора на некој начин и ние да се вклучиме конкретно јас овде.

За она што јас дискутирав, за членот 65 и за таа линија, ние не треба никогаш да зборуваме од еден практичен аспект кога се наоѓаме на одредени работни места и одредени сознанија во самата работна организација. Овде станува збор за една друга специфична работа дали може да се постави ова прашање во обратна смисла. Дали ова ресорно министерство или ние како пратеници со овој закон можеме квалитетно да влијаеме врз тие комисии кои ги прегледуваат или ги упатуваат тие луѓе или ја оценуваат нивната работоспособност. Колку проценти од тие луѓе што досега се квалификувани со намалена работоспособност се вистински со намалена работна способност, а колку со лажни документи или по разни врски, канали итн. Не можеме ние овде сега тој баласт на минатото да го вградиме повторно во овој закон, туку таквите неправилности, според мое длабоко убедување треба на друг начин да се решава во институциите на државата и ресорните министерства каде можат директно да влијаат на самите комисии. Дали со промена на луѓето или промена на критериумите, а не само заради тоа што луѓето во

таа работна организација настанала инвалидноста или степенот на нивната работоспособност, па мора да се плаќа од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Нормално правиме сега една меша вина од една страна Фондот служи за пензионерите, а од друга страна на тој човек му се исплаќа личен доход во работната организација, а како трет услов имаме надоместок за таа неспособност што треба да му се надокнади личниот доход повторно од фондот. Значи, едно мешаше што не е допуштено.

За мене лично би било подобро и заради тие сугестии што јас ги прифатив од овие луѓе, тоа се огромен број на луѓе како на пример во Железарницата, Југохром Јагуновце, ЗК "Пелагонија"-Битола и други да не ги набројувам сите, станува збор за огромен број на луѓе, меѓутоа, мора оваа работа полека да се чисти дали во овој закон, дали ресорното министерство понатаму ќе смогне сили во таа рационализација ќе врши на тие комисии, па ќе постави постручни луѓе па ќе воспостави поголема контрола заради проверка на тие луѓе каква ќе биде навистина таа работоспособност и дали реално ќе укажуваат . или вреднуваат се се тоа други механизми надвор од овој закон кои треба да се регулираат по други прашања,а нормално Министерството си има сознанија и соодветни служби, има испостави во сите градови на Република Македонија и ако се сака дел по дел како ќе се откриваат проблемите можат да се сечат во корен и конечно да дојдеме до еден квалитетен нов закон, и квалитетен однос кон самиот пристап кон овие работници за да не се прави фетиш. Зошто? Ако некој е чисто здрав човек му даваме инвалидизираност од прв, втор или трет степен категорија и добива пари, а тој е здрав, а го гледаме во јавноста отвора фирма или работи на нивата повеќе од оној што е неспособниот. За жал за голема трагедија имаме луѓе кои со вистински лекарски комисии е утврдено дека се нездрави не можат и ден денеска да остварат права заради тоа што

немаат никакви врски во одредени институции или органи. Благодарам тоа ми беше мојот нов аргумент и појаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе дискутирам како пратеник, бидејќи Извештајот од Комисијата за труд и социјална политика ви е даден таму се дадени сите предлози, сугестии од членовите на Комисијата и мислам дека тој може да послужи за натамошната расправа односно за доградување на самиот закон.

Сакам лично да го изнесам своето размислување во однос на предложениот текст на Нацрт-законот за пензиско и инвалидско осигурување во смисла на тоа дека кај мене воопшто не постои дилема дали се работи за некој нов концепт или не. Ние немаме нов концепт на законот за пензиско и инвалидско осигурување, немаме некој посебен модел кој ги пренесува сите начелни принципи, она што се гради во граѓански општества, заради тоа што има многу повеќе. причини во таа смисла. Лично сметам дека и законодавецот и предлагачот на законот во оваа смисла не можеле да направат некој до крај радикален закон заради тоа што ние сме општество во една транзиција, бидејќи ги менуваме и општествените и политичките промени и во тој контекст мислам дека немаме шанса да пренесеме на пример еден целосен холандски, германски, швајцарски закон од причини што тие се постари држави и економската база и основа за градење на еден концепт на закон е сосема друга. Овој закон го гледам во смисла на тоа дека тој ги кодифицира практично неколкуте закони во еден закон и дава одредена алтернатива односно шанса како треба да ги регулираме односите во пензиско - инвалидското осигурување.

Лично за мене постојат неколку начелни дилеми заради тоа што се понудени во самиот текст. Посебно кога се работи за регулирање на правата од старосната пензија, бидејќи тука се регулира помеѓу членот 17 и 19 дали сега е време да ја менуваме старосната граница. Лично јас како Бранко мислам дека постојат основи, постојат основи за менување на старосната граница заради тоа што гледано наназад пред десетина години ќе видиме дека просечниот животен век на популацијата се менува во позитивна смисла. Ако пред десет години просечниот век на живот во целокупната популација и кај жените и кај мажите била 64 односно 68 таа граница се поместува на 7 4 односно 78 години, така што во таа смисла старосната граница на некој начин го загрозува односот, односно основот за остварување на пензијата. Меѓутоа, гледам де ако го користиме искуството од западните земји па и другите земји таа старосна граница која се нуди во самиот закон е соодветна дури и помала во однос на она што претставува во Холандија 63 односно 65 години така што во таа смисла мислам дека е прифатливо со тоа што лично предлагам наместо овие години да одат постапно до 1999 година да се намали тој однос односно тој однос да биде изведен до 1.996 година наместо по половина година да оди по цела година.

Што се однесува до предвремената пензија, мислам дека таа предвремена пензија во овие наши услови треба да постои. Меѓутоа, ја прифаќам комплетно алтернативата на самиот закон заради тоа што од 1989 година постоеше намалување на процентот од 0,5 и тој беше многу стимулативен и не случајно голем број стопански субјекти и други го користеа овој институт заради тоа што на некој начин одбивањето од 0,5% беше многу симболично и мотивацијата за пензионирање беше поголема, а покривањето на средствата недостасуваа во тој дел,

немаше кој да ги подмири освен Фондот за пензиско и инвалидско осигурување па еве сега велиме дека државата. Затоа ја прифаќам одред' бата која го регулира ова прашање тоа да биде 1,33%, тоа е стара одредба која беше користена до 1989 година и мислам дека тоа е во ред.

Што се однесува до основицата, мислам дека во светот посто една помала основица ќе кажам едно искуство кое се однесува во западните земји дека кај нас основицата од 85% е највисока и самата таа основица од 8 5% претставува негативен одраз заради тоа што не би можеле со нашите економски можности да ја покриеме таа основица, бидејќи на запад таа основица се движи од 60 до 70% што значи едно реално ниво, а еве законодавецот пак заговара таа основица да биде 85% иако постои еден многу важен ризик дали на некој начин по оваа основ не го загрозуваме Фондот за пензиско и инвалидско осигурување

Кога се однесува на стажот законодавецот свесно односно предлагачот на Законот свесно оди во една загуба. Зошто? Нереално е, барем за сега да се користи просекот од најповолните десет години како основица за пензиско инвалидско осигурување за старосно осигурување. Ќе ви кажам дека и законодавецот односно предлагачот тврди дека веднаш лицето кое ги користи најповолните десет години посебно оние кои имаат менување на работниот статус да не речам од еден прост работник до некој функционер, тука имаме голема разлика од 3 до 18% и се доведуваме во ситуација дека мора да се подмируваат на еден солидарен начин од сите пензионери, а тоа е негативен одраз на севкупниот пензиски фонд затоа што пак велиме дека државата треба да помогне, меѓутоа, оние кои имаат помали пензии да не кажам дека ги финансираат оние кои ги користат најповолните десет години, Јас тврдам дека еден квалификуван работник кој работи цел работен век од

од 40 години континуирано му се зголемува личниот доход му се зголемува со вложување ан средства и со процентот на инфлацијата го финансира оној што бил таков работник, а кој во меѓувреме станал одреден функционер или бил на такво работно место неколку години за да го искористи тоа право. Мислам дека овој институт треба да се провери повторно и да се преиспита, бидејќи е на штета на поголемиот број работници кои немале шанса да го менуваат своето работно место зарад] квалификацијата или ред други причини.

Кога се работи за индивидуалните земјоделци мислам дека тука треба да бидеме конкретни. Слушав одредени пратеници дали уште еднаш треба да ги доведуваме во едно искушение самите земјоделски пензионери. Ако се направи севкупна анализа ќе видите дека поголем дел од земјоделците не се во можност да ја подмируваат обврската за пензиско инвалидско осигурување. Меѓутоа, лично се залагам и овие пензионери да бидат рамноправни на сите други работници токму зарад тоа што за прв пат успеавме со претходниот закон да го направиме тоа и би било штета за овие земјоделци да ги вратиме назад. Се залагам да се брише таа алтернатива во однос на доброволно осигурување на земјоделците.

Инаку, во целост ја прифаќам инвалидската заштита, таа би требало сега нормално да се пренесе во рамките на социјалната заштита а пензискиот фонд така како е регулиран е добро и мислам дека со отстранувањето на институтот на посебниот додаток и на другите инсти1: ти, мислам дека треба да се оптовари државата а  не фондот за ПИО кој би требало да се подмирува.

Во целост го поддржувам овој предлог на Нацрт законот так. што најверојатно со Предлог-законот ќе добиеме еден поквалитетен текст.

VIII/1. - ПЈ/МЛ

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека разговараме за еден закон, кој што почива врз начелото взаемност и солидарност, како особина на човековото битие, правата од оваа област да ги ужива индивидуално, но исто така во солидарноста, односно во заедница со другите. Меѓутоа, мора да прифатиме дека критериумите врз кои што е третира- но ова начело низ постојниот закон за инвалидско и пензиско осигурување минатиот, а и сегашниов не е ослободен од тие небулози, оваа категорија е доста компромитирана. Зошто велам дека е компромитира- на? Затоа што постојниот систем на пензиското и инвалидското осигурување продуцираше пензионери. Значи, тој во себеси содржеше основи што го зголемуваше бројот на пензионерите и како резултат на тоа постојано фондот доаѓа до финансиски дефицит. И ако и натака правно се оди во таа насока, ние ќе ги имаме истите состојби со фондот, како и сега. Овде се зборуваше за категорија на осигуреници врз база на заболувања. Секако, дека болеста претставува една комплексна категорија и тоа е добро што во начелото на взаемност и солидарност болеста се третира како категорија која може да ги зафати сите луѓе. Меѓутоа, се залагам оценката за инвалидитет врз основа на заболување да се врши во Министерството за здравство, а не преку Министерството за труд и социјална политика, односно компетентните комисии да ги информира и за тоа да биде одговорно Министерството за здравство.

Да се предвиди категоријата ревизија на издадените пензии за врз основа на болест за една година. Овде стана збор и за квалификација на пензионери по основа на болест, вклучувајќи ја повредата на работа и професионалното заболување. Ја се сложувам дека пензионирањето врз основа на повреда на работа и професионално заболување треба да падне на терет на работната организација. Да не се вклучува во

начелото взаемност и солидарност, зашто го направивме многу широко тоа начело и продуцира многу корисници и ја црпи финансиската маса како основа за пензиско осигурување. Видете, па и во здравство имаме таква аналогија. Нели 1,8% од добивката работните организации плаќаат екстра придонес под здравство за повреда на работа и професионално заболување. Тоа од една страна е така, а од друга страна пак и работната организација треба да преземе се за да не дојде да продуцира ваква категорија на граѓани, кои што сакаат да ги ставиме на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Сакам да кажам дека Законот за инвалидско и пензиско осигурување е, односно има политичко значење големо, има економско значење, има социјално значење и дека треба сите компетентни да се вклучат во изградување на еден сосема иновантен концепт за инвалидско и пензиско осигурување. Овде сакам да ја поддржам иницијативата дека е потребно постоење и на институцијата доброволно пензиско осигурување. Зошто? Реков уште на почетокот дека овој закон треба да се заснова како на фундаментална основа на начелото взаемност и солидарност. За личните доходи кои што вработените ги примаат, било во приватниот или во државниот сектор. Меѓутоа, ако некој сака за себеси да си овозможува подобра пензија, тогаш мора да ја ставиме во функција институцијата доброволно, како сакате, некој велеше приватно, доброволно пензиско осигурување. Зошто ова го велам. Ова го велам проучен од досегашната пракса, заради тоа што кога го развивавме малото стопанство една категорија на осигуреници за да се здобие со статусот висока пензија за многу краток период се одлучуваше да внесува во овој фонд повисоки приноси и ние сега создадовме едни огромни разлики во носителите односно корисниците на пензиското и инвалидско осигурување. Односно создадовме политички проблем врз база на тоа и политичко незадоволство кај одредени категории на постојни пензионери.

Мислам дека сите овие небулози законот мора да има амбиции во едно ново време да се ослободи од нив и да биде поприфатлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвои Нацртот на закон за пензиското и инвалидското осигурување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите на Комисијата за труд и социјална политика, ЗПК изнесените предлози од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика, ЗПК и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам, да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 17** - Предлог за донесување на закон за грбот на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

VIII/4.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за општествено - политички систем му предлага на Собранието да го одбие Предлогот за донесување на овој закон, бидејќи на 41-та седница на Собранието во постапка е Предлогот на законот за грбот на Република Македонија, поднесен од група пратеници.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за грбот на Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (28 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (29 пратеници).

Дали има некој воздржан? (9 пратеници).

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **точката 18** - Предлог за донесување на закон за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Комисијата за општествено - политички систем предлага да се усвои само Предлогот за донесување на овој закон и да го задолжи предлагачот да изготви и на Собранието да му поднесе Нацрт на закон.

Го молам пратеникот Тодор Петров да се произнесе дали го повлекува Предлогот на законот.

VIII/5.-

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас Предлогот за донесување на закон за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија не го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам, тоа не е прашање.

Предлогот на закон е прашање.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас се согласив со мислењето на Комисијата за општествено-политички систем и го прифатив предлогот на оваа седница да се расправа за Предлогот за донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно тоа е само прашањето. Молам, дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Врз основа на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, сојузните закони од поранешната СФРЈ беа преземени како државни закони на Република Македонија.

Што се однесува до употребата на грбот, знамето и химната, односно на државните симболи на Република Македонија, таков закон во Република Македонија не постои, единствено во оптек врз основа на оваа одредба на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е Законот за употребата на грбот, знамето и химната на СФРЈ и за употребата на ликот и името на претседателот на Републиката Јосип Броз Тито, објавен во "Службен лист на СФРЈ"

VIII/6.-

броевите 21 од 19 87 година и 51 од 1984 година. Независно што во собраниска процедура на 43-та седница сеуште се наоѓа од вкупно трите државни симболи химната, знамето и грбот за донесување уште Предлогот на законот за грбот на Република Македонија, несомнено се наметнува прашањето за регулирање на односите во областа на употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија. Од тие причини се предлага донесување на закон за употребата на грбот, знамето и химната, како нужно заради употребата на овие државни симболи, заради обезбедување, претставување на Република Македонија и изразување на припадноста кон Република Македонија, како и заради спречување на нарушувањето на угледот и достоинството на Република Македонија при несоодветна употреба на државните симболи, грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Доволно е, јас тоа го кажав при расправата во соодветните работни тела, да се погледне државното знаме пред зградата на Република Македонија каде што државното знаме има две ширини, две должини, а сонцето како симбол на државното знаме е сместено само во едната половина, наместо во средината како што тоа е утврдено со Законот за знамето на Република Македонија. Имајќи го тоа предвид од несоодветната примена на државните симболи и заради нерегулирањето на оваа проблематика во Република Македонија со нејзината уставно - правна позиција, самостојна, суверена и независна држава со меѓународно признат правен субјективитет, се предлага регулирање на овие прашања со предложениот текст на Законот. Бидејќи државните симболи се уредени со три посебни закони, Законот за химната на Република Македонија, Законот за знамето на Република Македонија и престојот што треба да се донесе законот за грбот на Република Македонија, не ја исклучува можноста, односно Предлогот за донесување на закон во кој што ќе се уреди употребата на сите три државни симболи на Република Македонија. Од причини што со

предложениот текст на законот не се регулира содржината односно симболот што ќе биде употребен за грб на Република Македонија, бидејќи само тој закон недостасува, туку заради тоа што со предложениот текст на законот, Предлог за донесување на закон за употребата на грбот, знамето и на химната се регулира начелно и употребата на овие државни симболи и односите, правата, обврските, надлежностите на соодветните органи, државните органи на власта на Република Македонија при употребата на државните симболи.

Предлогот за донесување на закон систематизиран е со општи одредби и одредби посебно за употребата на грбот на Република Македонија, посебно за употребата на знамето на Република Македонија и за начинот на изведувањето на химната на Република Македонија.

Укажувањето што е дадено од страна на Владата во нејзината забелешка по однос на донесувањето на овој закон дека конкретно според забелешките, односно мислењата на Владата, членот 9 не соодветствува, е неспоив и несоответствува со политичкиот систем на Република Македонија, односно со правно - политичкиот систем на Република Македонија, се надевам дека во втората фаза, односно Нацртот на законот кој што ќе биде понуден и во што поитни временски рокови усвоен членот 9 може да изостане за да се оневозможи односно скрати правото општините, градот Скопје и другите јавни установи и институции на државните органи да можат интерно да го уредуваат начинот на употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија. На тој начин со изоставување во втората фаза, во Нацрт-законот, во членот 9 ќе се избрише оваа одредба, тргнувајќи нормално од уставно- правната позиција на општините, наместо како општествено - политички заедници, во единици на локалната самоуправа.

VIII/8.-

Се надевам и предлагам Собранието на Република Македонија да го поддржи законот од причина заради отстранување недоследната примена во употребата на државните симболи, а тоа се грбот и знамето и изведувањето на химната во случаевите утврдени со Предлогот за донесување на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на за- кон за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија
2. Предлагачот ќе изготви и на Собранието ќе му достави Нацрт на закон, при што ќе има предвид, мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на Република Македонија.
3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и Мислењето на Владата на Република Македонија да се достави до предлагачот на законот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

27 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (23 пратеника).

Дали е некој воздржан? (17 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 19** - Предлог за донесување на закон за правата на носителите на партизанска споменица 1941 година на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската

националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 19 39 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за правата на носителите на партизанска споменица 1941 година на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за, молам да крене рака? (41 пратеник)

Дали е некој против?(8 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласан>е?(4 пратеници)

Констатирам дека

Има збор господинот Цветан Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поединечно гласање, доколку имам поткрепа од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници?

Констатирам дека има 10 пратеници кои го поддржуваат г-динот Цветан Јовчевски.

Го молам секретарот да излезе и да изврши поединечно гласање.

(Секретарот на Собранието врши прозивка за поединечно гласање).

IX/2

**С П И С О К**

**на пратеници во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - против |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - за |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - против |
| 16. ЉУПЧО-ГЕОРГИЕВСКИ | - против |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - против |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - против |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - против |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |

IX/3

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - за |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - против |
| 43. ХРИСТОЌЕЛЕШОВ | - за |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - против |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - против |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - воздржан |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - против |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ- | воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - не е тука |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - за |
| 64. ЏЕЛАЕИН МУРАТИ | - за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - воздржан |

IX/4

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | - не е тука |
| 67.ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | - за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ* | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - за |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - воздржан |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - за |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | - за |
| 81. ЉУБОМИР' ПОПОВСКИ | - за |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - за |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | - за |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | - за |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | - воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | - воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | - против |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | - не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - против |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - против |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - воздржан |

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - воздржан
103. ЛЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - против
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - против
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - не е тука
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - за
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - не е тука
109. АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - против
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - не е тука
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ - за
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - за
116. НЕЦАТИ ЦАФЕРИ - за
117. АЛИЛ ЦАФЕРОСКИ - за
118. ВЕБИ ЦЕМАИЛИ - за
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - за
120. ХИСНИ ШАКИРИ - не е тука

Дали има некој кој не гласал?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

ФАИК АБДИ - за

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ - за

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - против

ЈОРДАН ЗАФИРОВ - за

Дали има уште некој кој не гласал?(нема).

\

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 83 пратеници.

49 пратеници гласале за.

22 пратеници гласале против.

14 пратеници се воздржани.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака? (36 пратеници гласале за)

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Поради тоа го предлагам следниот заклучок:

Има збор г-динот Алил Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно гласање и барам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници? (има)

Го молам секретарот одново да спроведе поединечно гласаше.

Ве молам, многу од пратениците излегоа сега и сам воочувам, веројатно ние немаме кворум. Зошто да спроведеме поединечно гласање, ако нема 61 кои гласале вкупно. Тогаш ќе мораме од почеток тоа гласање да го спроведуваме, да повикаме пратеници за кворум.

Ги молам службите да пребројат колку има- пратеници во салата.

54 пратеници имаме во салата. Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата, да можеме да извршиме гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, координаторите на пратеничките групи за 10 минути да обезбедат присуство на пратениците.

Во салата се присутни 63 пратеници. Минуваме на поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | ЗА |
| 2. ЕШРЕФ АЛИУ | НЕ Е ТУКА |
| 3. ХАМИТ АЛИУ | ЗА |
| 4. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | ЗА |
| 6. ТИМЕ АНДОНОВ | ЗА |
| 7. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 8. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 9. АЛМБЕ АРНАУДОВ | НЕ Е ТУКА |
| 10. ДРАГИ АРСОВ | НЕ Е ТУКА |
| 11. БРАНКО АРСОВСКИ | ЗА |
| 12. ДУШКО АРСОВСКИ | ЗА |
| 13. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | ЗА |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | НЕ Е ТУКА |
| 15. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | ЗА |
| 17. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 20. САНДЕ ДАВЧЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 21. РАТКА ДИМИТРОВА | НЕ Е ТУКА |

X/2

| | |
|---|---|
| 22. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 23. ТОДОР ДИМОВ | ЗА |
| 24. ДОСТА ДИМОВСКА | НЕ Е ТУКА |
| 25. БОРКО ЃОРЧЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 26. ДУШКО ГОРГЕСКИ | ЗА |
| 27. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ | ЗА |
| 28. ЗУДИ ЕМИНИ | ЗА |
| 29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | ЗА |
| 30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 31. НАСЕР ЗИБЕРИ | ЗА |
| 32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | ЗА |
| 33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | ЗА |
| 34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 35. ИВАН ИВАНОВ | ЗА |
| 36. ЉУБИСАВ ИВАНОВ | ЗА |
| 37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 38. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | ЗА |
| 39. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 40. РИСТО ЈОВАНОВ | ВОЗДРЖАН |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 42. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | НЕ Е ТУКА |
| 43. ТАШКО КИРОВ | НЕ Е ТУКА |
| 44. ЗОРАН КИТЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 45. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 46. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ | ЗА |
| 47. ГОРЃИ КОТЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 48. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | ЗА |
| 49. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 50. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | НЕ Е ТУКА |

| | |
|---|---|
| 51. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 52. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 53. ЕФТИМ МАНЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 54. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | ЗА |
| 55. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | НЕ Е ТУКА |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | ЗА |
| 57. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | ЗА |
| 58. СТРАШО МИЛКОВСКИ | ЗА |
| 59. ПАНЧО МИНОВ | НЕ Е ТУКА |
| 60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | ЗА |
| 61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | ЗА |
| 63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | ЗА |
| 64. АВДИ МУРТЕЗАНИ | ВОЗДРЖАН |
| 65. НАИФ МУСТАФА | ЗА |
| 66. ПАНЧЕ НАСЕВ | НЕ Е ТУКА |
| 67. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | ЗА |
| 68. СИМОН НАУМОВСКИ | ЗА |
| 69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 70. ЈОВАН НИКОЛОВ | ЗА |
| 71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | ЗА |
| 72. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | ВОЗДРЖАН |
| 73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | ЗА |
| 74. ТИТО ПЕТКОВСКИ | ЗА |
| 75. ТОДОР ПЕТРОВ | НЕ Е ТУКА |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | НЕ Е ТУКА |
| 77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | НЕ Е ТУКА |
| 78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 79. КИРО ПОПОВСКИ | ЗА |
| 80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | ЗА |

X/4

| | |
|---|---|
| 81. НИКОЛА ПОПОВСКИ | ЗА |
| 82. ШАБАН ПРЕВАЛА | ЗА |
| 83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | ЗА |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | ЗА |
| 85. ИВАН РАМБАБОВ | ЗА |
| 86. ШУКРИ РАХИМИ | ЗА |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | ВОЗДРЖАН |
| 88. НЕИМ СЕЛМАНИ | ЗА |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 90. АЦО СПИРОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 91. РИСТО СТАСМЕНОВ | НЕ Е ТУКА |
| 92. РИСТО СТАНКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 93. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | ЗА |
| 95. НАЌЕ'СТОЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 96. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | ЗА |
| 97. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 98. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | НЕ Е ТУКА |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | ЗА |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | ВОЗДРЖАН |
| 101. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | ЗА |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | НЕ Е ТУКА |
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | ЗА |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | НЕ Е ТУКА |

| | |
|---|---|
| 110. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | НЕ Е ТУКА |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | ЗА |
| 112. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | ЗА |
| 113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | ЗА |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | ЗА |
| 115. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | ЗА |
| 116. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | ЗА |
| 117. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | ЗА |
| 118. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | ЗА |
| 119. ХИСНИ ШАКИРИ | ЗА |
| 120. ФАИК АБДИ | ЗА |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 65 пратеници. 59 пратеници се "за", "против" нема никој, 6 се "воздржани".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Владата на РМ поднесе амандман на член 5 за додавање нов став по ставот 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ташко Киров поднесе амандмани на насловот член 1 и на членовите 1, 3, 4 и 5 со кои не се согласила Владата.

Отворам претрес по амандманот на насловот и на член 1 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам, кој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот и на член 1 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Отворам претрес по амандманот на членовите 1, 3, 4 и 5 поднесен од пратеникот Ташко Киров.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (3 пратеници)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членовите 1,3,4 и 5 поднесени од пратеникот Ташко Киров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (58 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за правата на носителите на партизанска споменица 1941 година на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската национално ослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година.

Минуваме на **<u>точката 20</u>** - <u>Предлог за донесување на закон аз рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност за идеите на ВМРО, со Предлог на закон.</u>

Предлогот аз донесуваше на законот со Предлогот на законот и мислењето на Владата ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На денешнава седница, односно на 68 седница на Собранието на РМ поставен е на дневен ред и закон за посебни права на борците и лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност што кореспондира со членот 36 од Уставот на РМ. Меѓутоа, предложениот закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО со предлог на закон не соодветствува со содржината на законот за правата на воените инвалиди, на лица прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, бидејќи за разлика од социјалните права кои што по членот 36 од Уставот на РМ се утврдени со предложениот закон од Владата пред малку цитирам не соодветствува содржината на предложениот закон, односно рехабилитацијата и другите права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Впрочем пошироката јавност беше запозната како и ова Собрание со предложените заклучоци и од страна на формираниот одбор за прослава на 100 години ВМРО за поведување постапка

законска во Собранието на РМ за рехабилитација на сите лица прогонувани, затворани и осудувани за идеите на ВМРО. Имајќи го во предвид фактот дека во оваа година јубилејно ја одбележуваме 100-годишнината од основањето на Внатрешната македонска револуционерна организација основана на 23 октомври 1893 година во Солун и имајќи во предвид фактот на уставно правната позиција на Македонија како самостојна, суверена и независна држава• пред Собранието е предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Сосема несфатливо како предлагач на овој закон ми е мислењето на Владата кое што по однос на предложениот закон од страна на група пратеници дава негативно мислење како и за декларацијата за осуда на недолжните жртви на монтирани политички процеси и за рехабилитација на осудувани лица за самобитоста на македонскиот народ идеите на ВМРО, а од друга страна пак дава сосема позитивно мислење на иста точка која што е ставена на дневен ред на оваа 68 седница Предлог декларација за политичка рехабилитација на сите оние лица кои биле политички прогонувани и осудувани за борба за национална слобода на македонскиот народ, самостојна македонска држава, човекови права и граѓански слободи што беше предложена од пратеници членови на парламентарната коалиција, односно владината коалиција. Несфатливо е образложението на самата Владата и разликите во приодот кон градењето мислеше за овие два предлога кои би требало да се однесуваат за некаква рехабилитација на лица прогонувани и затворани, осудувани за идеите на ВМРО и за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Меѓутоа, изгледа заради тоа што се предложени од 2 различни предлагача, иако уставно утврдени според Уставот на Македонија, Владата гради два различни става, две различни мислења за донесување, или недонесувае

на актите кои се во собраниска процедура. Во Втората Светска војна во однос на предложениот закон би го кажал следното образложение.

Во II Светска војна македонскиот народ како и многупати дотогаш во својата многувековна историја започнувајќи ја НОБ за создавање сопствена, слободна, самостојна и независна држава, односно за возобновување на македонската држава, меѓутоа, имајќи ги во предвид импликациите на односот на силите на Балканот после поделбата на Македонија и македонскиот народ во 1913 година со Букурешкиот договор и покрај прокламацијата, односно Манифестот на 2 август 19 44 година усвоен од АСНОМ на I Заседание на АСНОМ во македонскиот манастир "Свети Отец Прохор Пчински" македонскиот народ својата држава ја возобмнови само во Вардарскиот дел на Македонија во постојнтие граници на РМ. Голем број на македонски патриоти се бореа и ги положија своите животи за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, за идеите на ВМРО, за создаваше слободна, суверена, самостојна, независна и обединета македонска држава,за остварување на прогласот на АСНОМ за обединета Македонија во границите од пред поделбата во 1913 година со Букурешкиот договор по II Балканска војна за национална слобода на целиот македонски народ. Меѓутоа и по 6 април 1941 година и по 2 август 1944 година и во рамките на постојните граници на РМ продолжија масовни прогонства, затворања на сите лица кои се бореа за идеите на ВМРО за сопствена, сопствена, суверена и пред се самостојна и независна држава Македонија како национална држава на Македонскиот народ. Комунистичкиот режим жестоко се пресметуваше со сите оние кои се бореа за самостојна Македонија, за суверена и независна македонска држава, за идеите на ВМРО. Остана плеада на живи и веќе починати лица кои од тогашниот режим до ден денешен го задржаа епитетот непријатели на државата и народот на кои им беше одземен целиот имот врз основа на тогашните

X/10

судски пресуди и кои беа анатемисани од институциите на државата и "јавноста".Последиците на траумите, хипотеките и неправдите останаа и до денес. Меѓутоа, и покрај се денес Македонија е самостојна држава Очигледни се заблудите на едно време кога оние кои се бореа за самобитноста на македонскиот народ, за македонска држава, за самостојност беа прогонувани и затворани од режимот и власта. Спрема многу луѓе се изврши неправда. Беа прогонувани, затворани и осудувани, им беше нанесена повреда на угледот, честа, достоинството и личноста. Оваа држава Македонија како самостојна со целосен суверенитет возобновена на сите овие лица поготово во оваа јубилејна година кога се одбележува 100 години од основашето на ВМРО им должи законска рехабилитација како процес кој ќе отстрани едно црно петно во историјата на македонскиот народ и со што ќе го покаже својот хуман карактер спрема една историска неправда начинета спрема една цела плеада на македонци, борци кои се бореле во целиот овој изминат 50-годишен период за самостоен карактер, уставно правна позиција на македонската држава.

XI/1. -/ЛП/0М

**ТОДОТ ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Впрочем, и со членот 36 од Уставот на Македонија, државата се определи дека на сите овие лица ќе им гарантира посебни социјални права уредени со закон. тие права се уредуваат со посебен закон во рамките на правата на сите борци од сите национално - ослободителни војни на Македонија. Меѓутоа, останува обврската на државата за повторно воспоставување, враќање на угледот, честа и поранешната доверба спрема овие лица, обврската за бришење на изречените судски пресуди и сите правни поледици од тие пресуди, со што овие лица ќе се ослободат од"вината" за која биле осудувани и осудени.

Рехабилитацијата на овие лица не ја обезбедува ниту сегашниот закон за кривична постапка, бидејќи одредбите на овој закон се однесуваат пред се на една друга категорија лица неоправдано осудени со право на отштета и на бришење на пресудата преку правниот институт рехабилитација, отколку што се лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Изречените песуди биле продукт на времето,системот, едноумието, тогашните позитивни законски процеси. Тие лица биле осудувани во името на народот, прогласувани за државни непријатели само заради тоа што биле против Југославија и асимилирањето на Македонија и македонскиот народ во некаква хегемонистичка борба на србославија, како продукт на српската хегемонистичка полити Сегашниот уставно правен статус на Македонија ги анулира сите ОСНОЕ за вина кај овие лица, кој цел живот се бореле и ги полагале своите животи за самостојна суверена и независна држава Македонија и затоа е потребно државата да создаде законски основи за рехабилитација на овие лица и остварување право на оштета нанесена

во текот на нивниот живот по наведените основи.

Од тие причини се предлага предложениот закон, со што и државата во оваа јубилејна година ќе анулира една историска неправда на една категорија македонски патриоти за суверена самостојна и независна држава Македонија. Доволно е само да се споменат процеси во кои биле ликвидирани огромен број лица, кои со своето однесување и патриотизам се однесувале и преземале активности за самостојност на Македонија.

Во ослободувањето 1944 година, во септември во Ресен 17 стрелани. Во Велес ноќа помеѓу 15 и 16 јануари 1945 година испразнет затворот, стрелани околу 50 луѓе. Во Куманово околу 60 стрелани. Од септември 1944 година до мај 1945 година судени се со егзекуција без пресуди и осуди огромен број лица. Според изјавите на Владимир Дедијер во поранешна СФРЈ, во чии рамки беше Република Македонија, за 6 месеци во периодот од 20 октомври 1944 година до април 1945 година стрелани се без никакви пресуди и осуди 140 илјади лица. Меѓу нив сигурно се и макеоднци што се бореле за самостојна, суверена и независна македонска држава. Стреланите во бунтот на Кале во 1945 година, 5 дена подоцна во Штип итн.

Имајќи го сето тоа предвид, се предлага донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Иако сметаме дека предложениот закон можеби нема да ги отстрани сите елементи врз основ ана кои би се утврдувала правната заснованост на постапката со која се покренува постапка за рехабилитација на овие лица, пред се на оние кои биле

прогонувани , затворани, убивани без претходно донесена судска пресуда, меѓутоа, се надеваме дека во втората фаза од донесувањето на Предлогот на законот, доколку Собранието така се изјасни, и во одделните одредби и решенија законот ќе биде подобрен.

Во предложениот текст на законот се предвидува лица осудени за идеите на ВМРО да се слободат од вината заради која биле осудени и да се прогласат за невиновни. На тој начин би се поништиле изречените осуди аз делата од членот 1 на овој закон против сите лица осудени за идеите на ВМРО.

Во Предлогот на законот под лица осудени за идеите на ВМРО во смисла на овој закон се подразбираат и лицата прогонвуани, затворат и осудувани за дела против државата и народот заради одбивање и непристапување кон колективизацијата и селските работни задруги. За лицата осудени за идеите на ВМРО, со денот навлегувањето во сила на овој закон, доколку биде донесен, веднаш по законска сила би настапила постапка бришење на осудата и на сите правни последици што таа осуда ги создава, на начинот и по постапката утврдени со овој закон.

Лицата осудени за идеите на ВМРО, исто така се предлага со предложениот закон, да имаат право на праведен надомест на штетата кој не може да биде понизок од пазарната вредност заради изрешените осуди на на остварување на други права на начинот и постапката утврдени со овој закон, а посебните социјални права ќе им бидат регулирани и на овие лица, заедно освоените инвалиди и борците од сите националноослободителни војни, според предложениот текст на законот кој е поднесен од Владата на Република Македонија.

Посебна глава во предложениот закон е посветена на постапката за донесување одлука за бришење на осудата и за престанување на

правните последици на осудата, со тоа што по сила на закон решение за бришење на осудата донесува по службена должност органот надлежен за водеше на казнената евиденција, со претходно извршување проверка за бришењето на осудата. Дозволено е правото на оние лица кои нема да бидат опфатени по основ на законот заради пропуштање во постапка од надлежниот орган за водење на казнената евиденција, кој по сила на законот треба послужбена должност да донесат решенија за бришење на осудите, во постапка самите лица пред надлежните органи да поведат постапка за бришење на изречените пресуди во смисла на пред-ложениот закон, поради што биле прогонувани, затворани и осудувани, а пред се за дела за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО.

Во Предлогот на законот е предложено, заедно со решението за бришење на осудата, да престанат и правните последици од осудата Познато е дека на овие лица по овие изречени пресуди честопати им е конфискуван имотот, одземена им е сопственоста над имотот и средствата со кои располагале. Затоа е предложено лицата осудени за идеите на ВМРО да имаат, по сила на закон, право на праведен надоемст на штета за правните последици од осудата. Лицата осудени за идеите на ВМРО би имале и право на враќање на целокупниот движен и недвижен имот, што им е одземено изречената пресуда.

Со Предлогот на законот се овозможува Владата да формира посебна комисија, кон која се обраќаат сите лица кои биле осудени за идените на ВМРО, за да оваа посебна комисија, врз основа на барањата и врз основа на актот од органот надлежен за водење на казнената евиденција, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето да

донесе решение заради постигнување спогодба за постоење на штета и за видот на височината на надоемстот. Доколку Владата во постапката на лицата осудувани за идеите на ВМРО, во рокот наведен од 30 денови од денот на приемот на барањето, не би донела одлука за праведен надомест и за постоење штета за видот на височината на надоместат, лицата осудени за идеите на ВМРО имаат право да можат кај надлежниот суд да поднесат тужба за надомест на штета. Ако е постигната спогодба само во поглед на дел од барањето, лицето осудено за идеите на ВМРО може да поднесе тужба само во поглед на остатокот од барањето. Доколку лицето осудено за идеите на ВМРО е умрено, правото на донесување на барање за надомест на штета до посебната комисија на Владата односно на тужба за надомест би можеле да ја спроведат оние кој го наследуваат лицето осудени за идеите на ВМРО т.е. правните наследници.

Правото на надомест на штета со Предлогот на законот се предлага да им припаѓа и на лицата што биле во притвор заради делата од членот 1 на овој закон, а не дошло до спроведување на кривичната постапка или постапката била запрена со правосилно решение, што издржувале казна - лишување од слобода, а по повод повторување на кривичната постапка, што поради тешка и незаконите работа на органот не основано биле лишени од слобода и што во притвор поминале подолго време отколку што трае казната затвор на која биле осудувани.

Воедно, се задолжува со законот во Службен весник органот надлежен за водење на казнената евиденција, Службен весник на Република Македонија и со соопштение за одлуката за бришење на осудата и за ослободување од вината заради која биле осудени овие лица, да биде запозната пошироката јавност преку средствата за јавно информирање.

XI/6.-

..Со Предлогот на закон , исто така, е предложено на лицето кое било осудено за идеите на ВМРО заради осудата или лишувањето од слобода му престанал работниот однос или својството на осигуреник на здравствено и социјално осигурување да му се признае работниот стаж односно стажот за осигурување како да било на работа за времето за кое го загубило стажот. Во стажот би се засметувало и времето на невработеноста до која дошло заради осудата односно лишувањето од слобода. Стажот на осигурување, признаен со одредбите на овој закон, во целина се заметува во пензискиот стаж и тоа во однос една година затвор две години работен односно пензиски стаж. Средствата за остварување и користење на правата, утврдени со овој закон, се предлага со Предлог на законот да се остваруваат и обезбедуваат во буџетот на Републиката.

Контрола и инспекциски надзор заради извршување на одредбите на законот во поглед на користењето на правата за оштета во парични средства преку буџетот на Републиката ќе го врши надлежното министерство.

Сметаме дека на овој начин ќе се отстрани едно црно петно во историјата на македонскиот народ и неговата држава, тргнувајќи од сегашната уставно правна позиција на Македонија како самостојна, суверена и независна држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас го подржувам предлогот на господинот Петров за донесување на овој закон од проста причина што самиот во образложение на истиот во еден дел истакна дека треба да се надминат

формите на декларација и да се добие навистина една материјална основа преку која п" можат лицата кои биле прогонувани или осудувани за самобитноста на Македонија и идеите на ВМРО да можат да остварат некое право, а не само да се каже дека некој такво право има или му следува.

Во однос на делот каде господинот Петров говори за последиците од вакви осуди, навистина има некои недоречености, меѓутоа, и самиот предлагач овде образложувајќи го својот предлог се обрати до нас до Собранието,а ко му се усвои барањето за донесување на ваков закон, со задолжение да се изработи и текстот на законот и ќе се најдат по соодветни решенија. Навистина , такво решение следи, затоа што мене лично како човек ваква содржина на закон ме предизвика да учествувам во работа околу негово создавање. Тоа е едниот дел.

Вториот дел: Сметам дека еднаш аз секогаш ќе се ослободиме од таа тема, некој имал заслуга, некој не. Па ќе се цени според тоа дали е тој жив и е на власт, или не е на власт и не е жив. Ова се права на достоинство, права на наследство и рпава на почитување на личноста на човекот.

Од овие причини, јас се придружувам кон темата - награда на Македонецот за создавање н својата држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Се приклучувам, исто така, кон оние кои го поддржуваат овој законски проект. И тоа, сакам да го посочам следното. Дека нема

причина зошто сите политички субјекти застапени во парламентот да не гласаат, иако навидум станува збор за нешто околу што може политички и идеолошки да има спротивставување.

Сакам да прогласам на оној момент, поточно на прогласот на АСНОМ, каде што една генерација идеолошки неподелена која ги претставувала автентично тогашните историски стремежи и дострели на националната мисла и идеа, исто така, била на линија за самостојна македонска држава, за обединување на Македонија на линија на идеите на ВМРО. За тоа и се согласивме сите дека НОВ е и континуитет на ВМРО. Без оглед на тоа што во 5 0-тината години дојде евидентно до застој од објективни причини и имаме една држава со ограничен суверенитет, тоа не треба да не збунува или да ни претставува хипотека за денес сите заедно повторно да не го подржиме овој законски проект токму како симбол на една македонска национална солидарност, би рекол ако единството премногу агресивно звучи, иако и тоа ни е потребно во овие моменти.

Затоа, и ги повикувам пратениците, во сознанието кое го имаме дека сепак победија идеите на ВМРО , овој законски проект е повеќе од правно формална потреба , и во секој случај и заради нашата иднина и заради нашиот став кон минатото и како благодарност за сите оние што придонесоа , знаени – незнаени, за самостојна суверена македонска држава, должни сме и пред историјата позитивно да гласаме и да го прифатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еден од предлагачите на овој закон сум и јас и би сакал да се изјаснам накратко,

бидејќи господинот Тодор Петров во целина го прикажа законот неговата содржина, суштина, и причините од кои се предлага тој закон

Иако овој закон нема поддршка од Владата на Република Македонија и од некои групи, односно комисии кои го гледале, сепак сметам дека постои една. согласност и од Владата на Република Македонија дека таквата категорија на луѓе кои се опфатени во овој закон, на еден начин , сепак сакала или не сакала признава дека во тој временски период е направена политичка неправда.

XII/1 СЈ/ЛБ

**ЕФТИМ МАНЕВ: (**продолжение)

Тоа го чини Владата со предлогот на група пратеници кои што ова решение го бараат во декларација. Декларацијата сепак е еден политички акт со кој се признава нешто, но докрај со неа не се оди. Законот дава решенија малку пошироко и тоа во делот каде што луѓето кои што биле на еден таков политички акт, со политички акт со пресуда огласени за виновни во тој период за нивните идеи и дејствија за самобитноста на Македонија биле прогонувани и осудувани, со истите такви пресуди тие луѓе имале и штета на економ- ски план, им биле конфискувани имовини и било што друго, трпеле на економски план. Така да законот дава едно целосно решение иако предложениот закон го дадовме да оди во скратена постапка Предлог за донесување на закон со предлог, сепак сметаме дека ќе е далеку по конструктивно да оди во две фази и Парламентот и пратениците кои што во првата фаза, во оваа која што е пуштена, не му обратиле доволно внимание имаат време во другата фаза да се изјасниме далеку поквалитетно и истиот закон да добие далеку поголема тежина за времето кое што поминало. Сметавме дека во тој период во формирањето на Република Македонија во составот на Југославија имало една друга идеологија бидејќи во тој период немало таква концепција Македонија да биде самостојна држава, туку од почеток уште од самата војна Македонија била вградувана во рамките на Југославија и затоа тогаш имало поинакви размислувања дека оние луѓе кои што мислеле за самостојна Македонија биле и политички прогонувани .

Од тие причини сепак би молел Парламентот да го прифати Предлогот за донесување на законот за кое нешто ќе има можност и Владата уште еднаш да се изјасни и да го види, така да сепак со закон далеку ќе биде подобро решение отколку само со декларацијата.

Благодарам.

XII/2

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, според мене зборуваме односно успеавме да дочекаме на дневен ред на нашиот Македонски парламент да дојде една исклучително важна точка за која лично сметам дека навистина има едно извонредно политичко значение и извонредна политичка тежина, точка која сметам дека требаше да ја ставиме можеби во првите два или три месеци после влегувањето во овој Парламент или барем после два или три месеци по донесувањето на Уставот на самостојна и независна Македонска држава, точка која најмалку требаше да се донесе на една посебна седница, а не нели вака ставена во сендвич со многу други точки, и точка која во најмала рака требаше да биде донесена со еден громогласен аплауз овде во Македонскиот парламент како една навистина награда и како една благодарност кон сите оние луѓе кои своите живот ги положиле или во затворите или подоцна како последица од тие затвори за идејата за самостојна и независна Македонска држава. Во таа смисла зборувајќи за оваа точка, предлогот за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО можам да кажам дека сето она што ќе го кажам за оваа точка важи и за декларацијата предложена од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ а што е ставено во точка 45 која гласи, Предлог на декларација за осуда на монтираните политички процеси и за рехабилитација на осудуваните за самобитноста на Македонскиот народ и идеите на ВМРО, затоа што сметам дека овие точки се надополнуваат една со друга. Во едната точка имаме Предлог на закон за рехабилитација, а во другата точка имаме Предлог на декларација и навистина сметам дека можеби овие две точки односно на овие две точки им беше местото да бидат ставени една до друга и како што реков на крајот да бидат прифатени со една громогласна акламација во Македонски парламент. За жал како што

гледаме атмосферата во Македонскиот парламент, во Парламентот на самостојната и независна Македонска држава воопшто не е таква за да гарантира дека за овие точки не само што ќе бидат прифатени туку гледаме дека најверојатно според старите правила се што доаѓа од опозицијата па макар тоа да бидат и најважни и најзначајни точки ќе биде и овој пат одбиено.

Меѓутоа, независно дали владината коалиција ќе гласа како што знаеме досега многу пати, мислам дека е ред и должност да кажам неколку збора за овие два закона бидејќи сметам дека дискусијата моја ќе биде идентична и за двата предлога и за законот и за декларацијата.

Во таа смисла не можеме а да не почнеме од овој голем момент на кој се радуваме, а тоа е во годината во која ја прославуваме 100 годишнината од формирањето. на историската организација ВМРО, 100 годишнината од ставањето на темелите на Македонската револуционерна организација да го прославуваме и создавањето на тој сон, на тој идеал, а тоа самостојна и независна Македонска држава. Сонот кој Македонскиот народ и граѓаните кои живеат во Македонската држава се бореа повеќе од 100 години конечно. е остварен, денеска ја гледаме таа самостојна и независна Македонска држава, и се радуваме на плодовите на самостојноста и независноста на нашата држава. Кога зборуваме за таа самостојност и независност за жал или за среќа не можеме а да не се потсетиме на сите оние борци македонци или припадници на другите малцинства кои што живеат во Македонија: кои своите животи ги положија.

Во таа смисла сигурно дека многу генерации поминаа во тие 100 години, и го дадоа своето историско одбележување. Борците на ВМРО пред Илинденското востание, Илинденското востание, периодот меѓу двете светски војни, Народно ослободителната војна во периодот 1941 –

1945 година, за време на втората светска војна, а тука можеме да кажеме дека следува една генерација на борци македонци кои својата борба на таа самостојна и независна македонска држава ја продолжија во период 1944-1990 година, период најмалку истражуван во нашата историја, период повторно заборавен во нашата историја и потполно можеме да кажеме минимизиран односно мангина-изиран. За жал дури од 1990 година можеме да зборуваме за некои новинарски коментари, за некои натписи или излегување на некои поединечни случаи.

Што е тоа што е правено во периодот 1945-1990 година. Какви се тие малтретирања, какви се тие затварања, какви се тие убивања и ликвидации на македонци кои се бореле за самостојноста и независноста на Македонската држава. Во таа мисла она што ние денеска го добиваме преку тие средства за јавно информирање, преку одделните коментари, еве гледаме сега затоа што појави за прв пат една книга во Република Македонија под наслов "Осудувани за самостојноста на Македонија" можеме само да ги надзираме слабите сенки, за жал сеуште слабите сенки на онаа темна историја која ни се има случувано во изминатите 45 години.

Во таа смисла и во тој контекст ги прифаќам овие два предлога. Прво, тоа е предлогот за донесување на закон за рехабилитација и вториот предлог декларацијата за осуда на монтираните политички процеси. Токму во таа смисла бидејќи само на тој начин ќе можеме ние сите во РМ како една генерација која доаѓа како нас- ледник на тие луѓе кои се бореле за самостојноста на РМ и овој Парламент кој може да се украси со етикетата односно со насловот прв Парламент македонски во една независна и самостојна Македонска држава, само на тој начин, по пат на една вистинска законска рехабилитација на сите тие луѓе кои страдале, биле осудувани и биле ликвидирани во името на Македонија. Само на овој начин ќе можеме да се одолжиме и да ви ја дадеме

вистинската чест за сето она што го направија во нивната саможртва во нивните 45 години, за нивната визија која ја имале пред 45 години и за нивната храброст да се спротивстават на југословенскиот комунистички режим во борбата за уништување на се она што е вистинска автохтона самостојна идеја на македонецот и неговата вистинска борба за конечно ослободување.

Во таа смисла, сметам и го испраќам овој апел дека навистина овие два закони, Законот и Декларацијата во Македонскиот парламент не само што треба да бидат прифатени, туку треба да бидат прифатени како еден од ретките закони со една акламација како вистинско давање на почест на сите оние кои ги положија своите животи.

Во тој контекст, апсолутно го поддржувам комплетниот извештај или она што можеме да кажеме образложение на. независниот пратеник Тодор Петров, немам ниту една забелешка, ниту една реченица што го кажа тој, го поддржувам , добро е што овој Парламент го потсети на неколку такви елементи кои од таа темна историја излегуваа како мрачни култури, како што се ликвидациите, бројните ликвидации без пресуди, без изведени кривични постапки по суд- ски пат, како што се стрелањата на Кале во Скопје, стрелањата во Велес, стрелањата во Куманово и многу други бројни ликвидации на една бројка од 40 до 50 луѓе . Да ги надоврземе на тоа ликвидациите на 4 до 5 луѓе скоро во секој затвор во Република Македонија после 1945 година, затварања, уништувања, тепања на сите оние кои малку од малку сакале да ја истакнат својата желба за самостојност и независност во тој период после 1945 година. Жално е што ние од Македонската држава , односно од Македонските

архиви сеуште како држава не можеме да зборуваме за прецизен податок, за прецизна бројка, која е вистинската бројка на македонците, односно на македонските граѓани кој во периодот од 1945 или 60 година, биле затворени или биле ликвидирани. Во таа мисла , можеме да кажеме дека повеќе од иронично е кога денеска од македоските средат за јавно информирање слушаме дека архивите во Романија се отвориле, архивите во Советскиот Сојуз се отвориле, архивите во Албанија се отвориле, архивите во Бугарија се отвориле, меѓутоа сеуште не можеме да кажеме дека архивите во Македонија се отвориле. А се поставува тука прашањето кога зборуваме за таа рехабилитација кога конечно архивите во Македонија ќе бидат отворени, па да видиме, да разговараме, за една вистинска бројка, јас се надевам кога ќе се потпре на реални податоци, прво, за две основни прашања : која е бројката на македонските граѓани што биле затворени во тој период после 1945 година, за идеите на ВМРО и самостојна Македонија, меѓутоа исто тука може да се стават на пример за колективизацијата, за Информбирото, или за најразлични спротивставувања на една диктатура која владееше во овие 45 години, тоа е првата бројка и втората бројка во контекстот на таа бројка колку луѓе се ликвидирани во тие Македонски затвори, колку луѓе се осудени на смрт и. колку луѓе не излегле воопшто од тие затвори во Република Македонија.

На тој начин само можеме да го отвориме процесот на вистинската рехабилитација во РМ и на тој начин можеме да го отвориме процесот на вистинското давање на почеста на оние луѓе кои во периодот после 1945 година се бореле и ја одржале идејата за самостојноста на РМ, а со тоа и на демократијата во РМ.

XII/7

За жал ние гледаме дека кај еден таков обид за рехабилитација, Закон за рехабилитација и за донесување на декларација во овој Македонски парламент, ние денес ќе имаме големи спротивставувања. Кои се и од кои страни доаѓаат тие големи спротивставувања.

Првото спротивставување гледаме дека доаѓа од Владата затоа што во мислењата што ни се поделени овдека на пратениците се гледа дека Владата има намера да ги одбие овие два предлога а со тоа претпоставувам дека и коалиционите партнери. кои седат во овој Парламент ќе ги одбијат и она што е можеби карактеристично, што ги потврдува сите досегашни ставови е дека ваквото спротивставување доаѓа да речеме и од сојузот на борците во РМ. Нормално Сојузот на борците на РМ во овој Парламент преку гласањата ќе проговори преку оние партии кои се сметаат за наследници на тој Сојуз на борци и партиите нормално кои своите корени и традиции ги гледаат во тој Сојуз на борци. Меѓутоа, кога зборуваме за тоа дрско и отворено напаѓање од страна на Сојузот на борците и отворено спротивставување на овие две точки за нивно усвојување во Македонскиот парламент за жал , не можеме уште еднаш да го потврди- ме нашиот став, односно мојот личен став кој сметам дека мора да се комуницира во овој Парламент, дека за жал претседателството на борците во РМ , не зборувам за онаа широка маса на борци ширум Република Македонија, затоа што со овие закони се опфатени и многу борци кои после 1945 - 1955 година биле ликвидирани од дотогашни партиски колеги. Станува збор за борците, бидејќи како што реков многу од тие борци , ако се донесат овие закони самите тие треба да бидат рехабилитирани, тука станува збор за она раководство, Претседателство на сојузот на борците, кои знаеме дека 45 години управуваше со оваа држава. За жал не можеме да констатираме

дека  со нивното спротивставување на овие две точки кои денеска се предложени на Македонскиот парламент тие само уште еднаш покажуваат дека тој Сојуз, дека тоа претседателство на сојузот на борци сеуште не се откажува од идејата на југословенството и дека тоа претседателство на Сојузот на борците во РМ е денеска главниот центар на ширењето на југословенската идеја и тоа претседателство на Сојузот на борците сеуште претставува главната реакционерна сила во РМ која се бори против самостојноста и независноста на РМ. Кои се другите сили кои се борат против донесувањето на овие два законски предлога, односно законскиот предлог и декларацијата во овој момент. Тоа се сите оние сили кои во овие три години преку Владата на РМ, преку парламентарците во одредени парламентарни групи три ипол години со сите можни начини се борат се она. што треба да се отвори во еден нормален демократски процес што повеќе да се блокираат сите оние процеси кои треба да се отворат што повеќе да се блокираат, сите оние актери и историски темни дамки на македонското минато кое исто така треба да ги види македонската јавност да останат длабоко закопани во архивите на Македонија.

Во таа смисла, кога зборуваме за тие обиди и за тие позиции кои сакаат да направат таква блокада има ли поголем цинизам денешната седница на Македонскиот парламент од колку да го погледнеме дневниот ред. Имено за што станува збор? Ова е дваесеттата точка за која разговараме, пред оваа точка деветнаесеттата точка разговаравме за донесувања за правата на борците кои се бореле во Шпанската национално ослободителна револуционерна борба. При што уште робуваме на нашата комунистичка идеологија иако можеме да сфатиме дека во Шпанија немало национално ослободителна борба, туку имало само класна војна, затоа што Шпанците нормално од никој не биле поробени. Сето тоа да го оставиме настрана. Каде е цинизмот.

Донесуваме закон што ги штитиме правата и даваме право на оние што се бореле во шпанската револуција , а одбиваме закони за оние кои што се бореле за самостојна и независна Македонија. Има ли поголем цинизам за овој Парламент на иста точка луѓе кои се бореле за Шпанија да им даваме привилегија, а луѓе кои се бореле за самостојна и независна Македонија да ги одбиваме и не знам, пак да ги враќаме назад не знам каде. За жал тоа е содржината на власта што управува во РМ. Во таа смисла можам на крајот да кажам, односно последниот дел би го завршил со исто една таква констатација: која е реакцијата која се бори против овие два предлога кои ние денеска треба да ги освоиме во овој Парламент. Реакцијата и центарот е повеќе до јасен. Прво, позицијата е сеуште за жал со југословенски позиции, затоа што овие закони пред се, имаат политичка димензија^ Која е политичката димензија. Политичката димензија на секој оној кој сака да му биде јасно е многу јасна. Политичката димензија е токму во тоа. Нашата точка за гледање повеќе не е Југославија, туку нашата точка на гледањето на настаните е веќе самостојна и независна Македонија. Тоа се две точки на кои конечно мораме еднаш да го дефинираме тоа што се случува.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Треба еднаш да го дефинираме тоа што се случува и постојано се меша во Република Македонија дека позицијата на СФРЈ и позицијата на самостојна и независна македонска држава се две различни позиции кои во минатите 45 години биле непријатели едни на други. Тоа е она што во овие три ипол години сакаме постојано да го минимизираме однос но да го заташкаме овој македонски Парламент, а со тоа и во македонската Влада. Зошто господа? Од многу едноставна причина би можел уште еднаш да кажам и да повторам дека секој оној што сака да му биде јасно ќе му биде јасно, а оној кој сака и понатаму да ја заматува работата и понатаму нема да му биде јасно. Ако денеска ги донесеме овие две точки на македонскиот парламент Предлог - законот за рехабилитација и декларацијата за осудување на монтираните политички процеси што ќе се случи? Ќе се отвори токму она клопче кое три ипол години го криеме односно Владата го крие. Ќе се отворат судските процеси, ќе почне повторно обновуваше на судските процеси, ќе почне повторно да се бара правдата во Република Македонија, средствата за јавно информирање ќе бидат осудувани да прават документарни програми, да пишуваат коментари, да прават и истражуваат случаевите и што ќе се отвори? Ќе се отвори токму она што ние три ипол години го правиме а тоа е лицемерието и хипокризијата во Република Македонија. Ќе се отвори и ќе се соочат луѓето кои биле 10 години во затвор со оние луѓе кои 45 години владееја во оваа македонска држава сега како пензионери на таа македонска држава земаат три четири до пет пати поголеми пензии од платите на министрите во Република Македонија. Не сакам да набројувам личности, меѓутоа, вие сите претпоставувате кои се тие личности, ќе настане едно соочување на генерациите, ќе настане едно соочување на жртвите со нивните ликвидатори. Тоа е проблемот поради

кој се блокира, донесувањето на овие два предлога. Предлогот е многу јасен и страната на позицијата на блокадата е многу јасна. Ќе се отвори процесот они кои биле ликвидирани, кои имале по 10, 12,13,15 години затвор, сега треба да седнат со оние кои денеска не само што се пензионери, туку можам слободно да кажам активно, сеуште активно раководат во Република Македонија и владеат во Република Македонија и се разни советници или на претседателот на Републиката или во Владата на Република Македонија. Тоа е тој проблем. Ќе се отвори проблемот што оние денеска кои

управуваат во Република Македонија во периодот 1945-1955 година кога им се судело на луѓето за самостојна независна македонска држава, биле нивни поротници, судии или извршители по затворите во Република Македонија. --

И, конечно ќе се затвори еден пат на хипокризија, хипокризи која три ипол години владее во Република Македонија. Ќе се затвори оној процес на кој бевме сведоци ние токму на донесувањето, на свеченото донесување овде на Уставот на самостојна и независна Македонија, а тоа е сите оние кои се бореа против самостојна и независна Македонија, сите оние кои како најразлични борчеви, не знам какви функционери против самостојна и независна Македонија седеа во првите редови на Македонскиот Парламент, а вистинските борци кои се бореа за независна Македонија, кои гинеа во македонските затвори, кои ле» по 12 или 15 години, чинот од донесувањето на Уставот за самостојна и независна Македонија го гледаа преку малите екрани. Ќе се затвори истиот процес кој беше пред 15 дена на 100-годишнината од ВМРО на еден таков свечен јубилеј истите тие борци и оние кои убиваа за самостојна и независна Македонија седеа во првите редови на таа свечена академија, а оние кои се бореа за таа самостојна и независна

Македонија повторно седеа дома и на малите екрани ги гледаа тие свечени манифестации во независна и самостојна македонска држава.

Конечно господа сметам дека тука многу ќе им олесниме на тие луѓе, а јас верувам дека се тие илјадници во Република Македонија, ако не тие нивните семејства, сопругите или нивните деца, ќе им олесниме во нормалниот живот. Зошто господа? Затоа што целата структура на власта во Република» Македонија, ако земеме предвид дека сеуште не е променета на тие луѓе сеуште гледаат како на непријатели,- Разговарајте со секој од оние кои лежеле во затворите во Идризово или на Голи Оток ќе видите дека тие луѓе сеуште се чувствуваат како виновни во оваа држава. Тие луѓе сеуште имаат лични фрустрации, лични непријатности ако не тие нивните фамилии, нивните деца и комплетната нивна околина, Зошто? Затоа што структурата на власта Владата, средствата за јавно информирање, државната безбедност на Република Македонија сеуште гледаат како на државни непријатели, затоа што во тие структури на власта Владата на државната безбедност, на средствата за јавно информирање сеуште тие луѓе не се во нивната свест влезени како борци за самостојна Македонија, туку сеуште се третираат како државни непријатели на оваа држава. На која држава? На СФРЈ и токму тука е силината на донесувањето на "овие два закони, затоа што со донесувањето на овие два предлога веќе ќе се отвори процесот на диференцијацијата во РМ. Да видиме кои биле тие кои се бореле за самостојна и независна Македонија, а кои биле тие кои ги ликвидирале тие кои се бореле за самостојна и независна Македонија- и не само што биле тие туку до ден денеска уште управуваат со РМ. Меѓутоа, за жал како што рековме во овој Парламент подолго време не владее логиката на моралното чувство, логиката на правдата, туку владее логиката на

силата и во таа смисла можеме да очекуваме каков ќе биде резултатот.

Меѓутоа, јас навистина не гледам причина оние партии кои сепак седат во коалициониот блок, а кои се декларираат дека немаат никакви корени со бившиот Сојуз на комунистите на Македонија, со борците на РМ посебно Претседателството на тие борци и се декларираат како партии кои сега настанаа во 1990 година навистина не гледам при- чина зошто тие партии да не гласаат за овие два предлози на закони. Навистина со тоа тие ќе докажат дека во нивните корени со еден систем со еден режим кој со цели раце измачкан во крв навистина немаат ништо туку навистина се борат за една вистинска рехабилитација, за една вистинска осуда на она што го правеше оној комунистички режим во изминатите 45 години.

Оттука на крајот само ќе повторам овие два предлога кои ги имаме денеска за расправа пред македонскиот Парламент имаат исклучително значење и според мене лично можеби не се сваќата на сите такви, меѓутоа, навистина сметам дека со овие закони мораме да постапиме така со закони кои имаат исклучително политичка тежина, пред се политичка тежина со која ќе се осуди југо -комунистичкиот режим, југо -комунистичката диктатура во изминатите 45 години и ќе се отвори процесот на вистинската демократизација на РМ процесот на вистинската демократизација во сите сфери на животот, а со тоа и на денешниот.

За жал,оние кои сакаат да се блокира таа демократизација во РМ кои сакаат тајните петна на македонската историја и понатаму да останат тајни петна и да читаме во другите истории, а не во македонската историја, ќе гласаат против овие два предлога.

Меѓутоа, навистина сметам дека конечно во оваа македонска држава мораме да тргнеме чекор напред, три ипол години седење на исто место не уништува не само економски, политички, туку не уништува и духовно. Овие два предлози на закони навистина можат да бидат една духовна катарза за секој нормално кој сака морално да им пристапи на настаните и кој навистина сака да го отвори процесот на вистинската демократизација во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Петров бара збор.

Господинот Петров се откажува.

Се јави господинот Веби Џемаили.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Јас прифаќам еден дел од дискусијата на господинот Љупчо Георгиевски и мислам дека оваа точка треба добро да се анализира и овој закон за рехабилитација и други права на лицата кои биле убивани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, мислам дека треба да се прифати, бидејќи со оваа точка ние албанците кои се боревме досега за самобитноста на Македонија имаме дадено доста жртви. Ќе наведам само еден пример само во Полог, Тетово и Гостивар има околу илјада убиени, во џамијата во Гостивар и Тутунскиот комбинат во Тетово. Исто така имало убиени во Скопје и во Куманово, само во Куманово околу 200 недолжни граѓани се убиени во време од 1944 до 1945 година.

Исто така ние албанците никогаш нема да ги заборавиме нашите борци како што се тие што се убиени по војната Абдула Прешева,

Ќемаљ Аголи, Неџат Аголи, Сали Лиси, Реџо Зајази, Мула Вели Ругова, Нафи Сулејмани, Мамут Ѓеновица, Амди Дема и Шаип Мустафа. Само еден пример господинот Шаип Мустафа е основач на КПЈ на Тетово и Тетовско.

Само нешто не ми се допаѓа во предлогот, да бидеме објектив- ни, кога се говори за државноста и самобитноста на македонскиот народ и на Македонија тука имаме членови во ВМРО кои биле членови на ВМРО во тоа време кај нив не е чиста идејата за самобитноста на македонскиот народ, туку некои другари таму се бореа за нешто друго. Тука мораме да кажеме искрено и отворено, за некоја Санстефанска Бугарија, ние граѓаните кои живееме во Македонија треба навистина да размислиме добро дали да гласаме за овој закон или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров има збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Законот кој е предмет на разгледување не е за рехабилитација на лица кои се бореле за голема Бугарија и голема Албанија. Законот е за рехабилитација на лица осудувани, прогонувани и затворан за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност во постојните граници, она за кое се бореле за обединета Македонија како што бил прогласот на АСНОМ излезен на 2 август 1944 година и за идеите на ВМРО. Затоа сметам дека ќе биде непримерно ако некој смета дека ова е закон во кој се наведени лицата кои ќе се рехабилитираат. Ова е закон со кој се создаваат законски предуслови за да се поведе постапка за рехабилитација во надлежните органи преку посебна комисија што треба да се формира врз основа на одредбите од законот во Владата на РМ. Тука не пишува дека со овој закон се рехабилитирани

тие и тие лица, меѓутоа, сакам да го изразам протестот, личниот протест како предлагач на овој закон односно еден од предлагачите на лицемерието и цинизмот на Владата која беше нацртана, костумисана на државната прослава на 6 ноември 1993 година во Домот на Армијата на одбележувањето на 100 години на ВМРО и на многу други прослави кои се спроведуваа во текот на цела година во Република Македонија, а денеска односно сега кога овој Парламент води претрес за закон со кој се создава материјална основа за законска рехабилитација на лица прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО нема ниту еден претставник.

Како предлагач на законот кој е предмет на расправа и претрес на оваа 68-ма седница сакам да го известам претседателот и Собранието дека го повлекувам Предлогот на закон од оваа 68-ма седница и предлагам Собранието во расправата да донесе заклучок за усвојување на Предлогот за донесување на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мое мислење е и мислење на најголем дел од пратеничката група на СДС е дека закон со содржина која е предложена од група на предлагачи на оваа седница на Собранието на РМ е потребно да се донесе односно закон кој ќе ги уреди односите односно овој предложен закон има цел да ги уреди. Меѓутоа, исто така мислам дека не треба Парламентот да биде заслепен поради идеолошки или други причини на присутните пратеници тука да го донесе Законот на начин кој нема да ја постигне целта односно ќе создаде хаос во уредувањето на односите за оние лица кои го дале животот    или биле

осудувани за идеите во еден период кога тоа било санкционирано со законот и уставите дека биле осудувани за борба против самостојноста на Македонија и мислам дека токму донесувањето на еден закон вака како што е напишан и предложен може не да ја олесни, туку напротив да ја усложни работата токму по тоа прашање по кое се има амбиција да се уредат односите. Значи, треба да направиме еден многу јасна дистинкција.

Прво, дека е потребно уредувањето на тие односи, впрочем за тоа овој Парламент се изјасни со донесувањето на Уставот каде во еден член кажа ова што се има намера со овој закон да се оствари меѓутоа, исто така, треба да го имаме предвид и укажувањето на Владата кое е доставено на Парламентот, ќе јас го толкувам дека е потребно исто така да се донесе еден ваков закон за да ги уреди тие односи, меѓутоа, не на ваков начин, како што групата пратеници го има доставено од повеќе причини.

Прво, мој предлог, за да имате увид за што во основа зборувам е дека предлагачите на законот би било добро да седнат со надлежните министерства во Владата по таа идеја по која се поклопуваат да најдат заеднички текст, идејата која група пратеници ја има како политичка идеја, како нешто што е отелотворено во Уставот и од наша страна веќе промовирано во неколку други закони за кои јас ќе кажам кои се со Владата да го најдат правото решение за да можат тие луѓе на еден вистински начин да бидат рехабилитирани и материјално и, како што се предлага во Законот, политички односно судските одлуки да се поништуваат за да не се создаде хаос.

Ќе наведам еден пример на компарација. На пример пред една или две точки на денешнава седница усвоивме закон за правата на носителите на "Партизанска споменица 41 лица одликувани со Орден народен херој, борци од Шпанската национална ослободителна револуционерна војна 1936-1939, со Предлог на закон и тоа е закон кој

покажува ако некој во државата треба да биде третирано посебни права заради нешто што направил во текот на историјата, како треба да биде третиран на еден многу осмислен начин предложен од Владата.

Јас лично би прифатил таков закон така осмислен, така конципиран и за оваа работа која се предлага во овој закон за лица кои неправедно се осудени во борбата за самостојна Македонија веројатно во периодот 1945-1990 година. меѓутоа, се плашам дека ќе имаме двојни критериуми за истата работа. Затоа предлагам да не избрза ова Собрание, имаме закажано седница за два-три дена, сигурно оваа работа не е работа која е дневно политичка и која мора или денеска да се донесе или наредниот месец или никогаш нема да се донесе, за таа работа Собранието да има еден многу посериозен пристап за што мислам дека ако вака како што е предложен законот го усвоиме и ако еден од предлагачите веројатно во име на сите предлагачи сега понуди варијанта да се разгледува само како предлог: за донесување на закон и ако така го разгледаме, мислам дека сепак ќе има дискриминација на пример помеѓу оние за кои до пред малку расправавме и овие нема на ист начин да биде уреден односот кон нив од страна на оваа држава. Затоа мислам дека е добро да се седне заеднички со Владата мене не ми пречи тоа што дел од Законот е предложен од пратеници кои припаѓаат на опозицијата, да седнат со Владата која е Влада на коалиционото мнозинство на овој Парламент. Така што мислам дека и Владата и овие тројца пратеници кои се предлагачи да се надминат себе си и да седнат заедно во интерес на работата која сакаат да ја уредат односно во интерес на оние лица кои сакаат со овој закон да ги рехабилитираат на еден посоодветен начин. Кога го зборувам ова го имам предвид и мислењето кое во одредени делови, се надевам дека и предлагачите на Законот го прифаќаат дека стои, ако е дадено од страна на Владата по однос на тоа дали може со еден општ акт дали треба да се пристапи кон изготвување на закон за

амнестија, како тоа во судските органи ќе се одвива процесот за секо} поединечно, како ќе се уредуваат нивните материјални права и да не се создаде таа двојност.

Инаку, на пример видовме од последните три дискусии дека вака конципиран закон секој ќе си го толкува на сопствен начин. Последните три дискусии покажаа дека законот може да биде толкуван на три начини од три дискутанти. Тоа ќе внесе дополнителен хаос во остварувањето на законот и затоа една благородна идеја во основа не треба да се направи со овој закон да се претвори во идеја која понатаму ќе внесува нови и нови забуни која ќе вклучува луѓе кои не треба да бидат вклучени во таа постапка итн.

Јас еден пример ќе наведам на пример во првиот член се кажува дека со овој закон се уредуваат прашањата за рехабилитација остварување во други права на лица прогонувани, затворани и осудуван: значи не прави никаква дистинкција за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО. Историски ВМРО егзистираше од 1893 до меѓу двете светски војни. Во рамките на тоа ВМРО и понатаму на одредени пара-ВМРО-формации кои се формираа по згаснувањето на вистинското ВМРО особено во периодот за време на Втората светска војна и непосредно по неа, тоа ВМРО се подели на струи и политички провиниенции кои беа, меѓутоа, и кои беа на сосема спротивна позиција од идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Третирањето на овој закон за идеите на ВМРО ќе донесе повторно една широка лепеза, некој пат ВМРО се залагал на пример како што кажа еден од претходните говорни! за нешто сосема друго и тој ќе рече јас сум за ВМРО осуден.

XIV/1.-ПЈ/МЛ

**НИК0ЛА ПОПОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Така што, мислам дека за овој закон треба да се најде заеднички јазик помеѓу предлагачите и помеѓу Владата која од еден друг аспект може сите овие работи од аспект на повеќе ресори и од аспект на еден концентриран ум во органите на управата да пристапи кон донесувањето на законот и како таков да се понуди, веројатно, на првата наредна седница што ќе биде закажана од овој Парламент.

Со оглед дека од оваа говорница на некој начин дел од говорниците беа осудени или да не речам омаловажени сите оние кои гласаа за претходниот закон, по расправата од претходната точка од дневниот ред, јас ќе потсетам на следново:

Во Уставот, имаме одредби со кои стекнати права со нов за- кон во основа не можат да бидат одземени. Ќе потсетам дека до пред некое време односно до објавуваше на законот правата на носителите на Партизанска споменица 41, на лицата одликувани со Орден народен херој и на борците од Шпанската борба беа уредени со Сојузен закон. Овој закон не внесува ништо ново туку само со Републички закон ги уредува оние права што и така ги уживаат со Сојузен закон. Се случи опозицијата сериозно да ја обвини позицијата, меѓу кои и јас гласав за тоа дека сме донеле закон, меѓутоа, суштината е следнава, тие што гласаа за законот, гласаа за тие права што веќе постојат и да се уредат со македонски закон за да не ги уживаат тие права овие луѓе по закон на веќе непостоечката СФРЈ. Така што мислам дека оној кој во најмала рака не е сосема свесен зошто излегол како опозиција да не го гласа законот, во суштина гласал со своето напуштање на салата да остане на сила стариот, односно три стари закони од бившата СФРЈ и по нив да се остваруваат правата. Така што, помеѓу другото, мислам дека кога се критикува некој кој многу совесно дигнал рака одредено право од

бившата СФРЈ кое се применува сега да се продолжи со ист однос, меѓутоа со македонски закон да не се обвинува, него тој што обвинува да го прочита законот. Затоа што ако сите ја напуштевме салата тогаш сеуште ќе важеа правата кои ги уживаат, но по еден Сојузен закон за што мислиме дека нема потреба да егзистира.

Тоа беше испадица, само за да укажам на она за што бевме обвинети сите, меѓу кои и јас, гласајќи за овој закон. Мислам дека гласањето по тој закон беше сосема во согласност и со Уставот и со Уставниот закон на оваа држава и со политиката што треба да ја вод* оваа држава. Не информираноста и нечитањето е друг проблем.

Се враќам на законот за кој дискутирав.

За да не се доведеме како Парламент во непријатна ситуација да изгласаме закон или да влеземе во процедура за донесување на закон чија суштина сите ја одобруваме, меѓутоа начинот на кој таа суштина се сака да се отелотвори во законски проект преку одредени членови, 20 членови од закон, може да го искриви значењето на законот Да ги доведе борците за самостојна Македонија кои се бореле 1941-1945 на страна на антифашистичката алијанса и борците кои се бореле за самостојна Македонија после тоа биле осудени да имаат различни аршини, а двајцата се бореле за исти начини, мислам дека треба сериозно да се седне.

Имајќи предвид што не по претходната точка, туку по прва- та точка од дневниот ред на денешнава седница кога разговаравме за Нацртот на законот за пензиско инвалидско осигурување Владата понуди и овој Парламент со огромно мнозинство, со 66 гласа го прифати Нацртот на законот за ПИО во кој се ставени и членови токму за овие граѓани на Република Македонија кои во текот на историјата биле санкционирани заради борба за самобитноста, самостојноста на македонската држава

итн., нив да им се признае пензискиот стаж. Што значи дека проблематиката е комплексна. Владата понуди за пензискиот стаж таа проблематика да се решава и Парламентот го усвои во Законот за ПИО.

Слична работа главно ќе треба и во некој друг закон, веројатно ќе треба овој закон да се приспособи на Законот и за сите други, за кои донесуваме закони или пак овој Парламент ги презема како републички закони сојузните, односно ги преработува, ги усовршува, ги осовременува и како претходната точка донесува како сопствени закони. Од тие причини, да нема двојство, за да нема поделеност и за да имаме јасна слика како се штитат моралните, историските и други нивни карактеристики и материјалната нивна страна, сметам дека на- вистина ќе бидеме сериозно ако донесеме закон за кој Владата има навистина сериозни несогласувања, а не е во суштина против законот, туку против начинот на кој се сака да се уреди овој однос, мислам дека треба и Владата и предлагачите кои се од опозицијата да се надминат себеси, да седнат и во корист на тие за кои овој закон треба да се донесе, а и во корист, јас мислам, и на македонската држава да понудат заеднички проект. Инаку, мислам дека никаде нема да стигнеме ако едни со други се обвинуваме, кој е за ова, кој е за она, а тие луѓе повторно нема да бидат ставени таму каде што треба и од историска и од денешна гледна точка.

Затоа, по трет пат повторувам на крај и ги молам предлагачи- те Ефтим Манев и Тодор Петров и веројатно Гулистана Марковска, која не е присутна и Владата ја замолувам на соодветен начин, која исто така не е присутна да се надминат себеси и да се обидат заедно оваа благородна идеја да ја отелотворат во закон, за да не ги принудат дел од пратениците, кои ги уважуваат забелешките на Владата, кои навистина се суштински да треба да одбијат како да се уреди односот за она за што сакаат да го уредат односот во законот.

XIV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, имаме време до пет часот уште седумнаесет минути, ќе бидете стрпливи, како што го сослушавте вашиот колега ќе ме сослушате и мене. Се надевам, тоа вашата култура ќе ви го дозволи. Пред малку, би кажал по однос на донесувањето на законот за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ потенцирам и неговата државност за идеите на ВМРО, пред малку видовме еден пример во мешањето на ингеренциите. Односно, од 1945 година таму нека- де до 1990 година иследниците кои ги прогонуваа овие луѓе, односно ги иследуваа, исто така размислуваа на еден ваков начин како господинот Никола Поповски. Тоа отворено ќе го кажам. Зошто? Затоа што ги мешаат поимите. Претходно имавме предлог за донесување на закон за правата на носителите за Партизанска споменица од 1941 година на лицата одликувани со Орден, народен херој и на борците на Шпанската националноослободителна војна. Каков апсурд. Во ред, колку се тие борци, се поставува прашање, тие права ги добија врз основа на идеолошка определба. Тоа е чиста вистина, а не ги добија затоа што ги заслужиле што му помогнале на шпанскиот народ. Затоа што, шпанскиот народ водеше граѓанска војна и победија тие противните таму тогаш. Меѓутоа, шпанскиот народ тогаш што направи? Во меѓувреме направи една помирба така да кажам, граѓанска помирба, идеолошка помирба во интересите на шпанската држава. Ова е точката 20 што е предложена како Предлог за донесување на закон за рехабилитација на овие лица прогонувани, затварани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ. Повторно ќе потенцирам е, исто така, еден придонес кон едно граѓанско помирување

во Република Македонија. Имаме односи на две идеолошки спротивставени страни. Се работи за тие права. А јас ќе го потсетам само господинот Никола Поповски, тој тоа што сакаше да се обиде на некој начин да го подметне на овој Парламент го имате во точката 42, Предлог на закон за правата на воените инвалиди на лицата прогонувани, затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци. Значи, таа материја во однос на материјалните права, социјалните права се уредува со точката 42. А овде какви други права имаме, имаме права секој што неправедно е осуден има право врз основа на Уставот да си побара надокнада за тие години поминати во затворот итн., како неправедно осуден. Меѓутоа, што е најбитно? Да го ставиме тоа, најбитно е политичката рехабилитација. Што значи дека овој Предлог за донесување на закон има политичка конотација. Се работи за политичка одлука. Ова Собрание да собере сили и да донесе една политичка одлука да ги рехабилитира тие луѓе. Не пишува никаде овде дека се бореле за самобитноста на бугарскиот народ или за албанскиот народ, или за српскиот народ, или за грчкиот народ. Туку децидно пишува борците за македонската државност, за државноста на македонскиот народ. Да ги разграничиме тие права. Доста слушам три ипол години подметнувања, да ви кажам најискрено, самите си се правиме непријатели во оваа држава на македонскиот народ, на македонската држава, а за тоа и на македонската нација. Самите ние си правиме проблеми и затоа Грците ќе користат дека има толку Бугари во Република Македонија итн. Та- ка, затоа го користат, затоа што од ваша уста го слушаат господа, од Социјалдемократскиот сојуз најповеќе. Тоа треба да ви служи на чест. Тоа е вистина. Дајте овој закон предвидува едно граѓанско по- мирување во Република Македонија, една рехабилитација на тие неправди осудени луѓе. Затоа што јас ќе ви кажам

еден пример. Во тетовската гимназија во 1947 година еден случај што сум го читал, така запишан и дури сум се смеел до каде беа тие иследници, односно тие членови на таа бивша Комунистичка партија на Македонија ќе кажам, нема да спомнам на Југославија, иако беа за единствена Југославија, без право на македонска држава итн., се степаа двајца младинци меѓу себе за девојка. Што се случи? Беа апсени 10 од спротивната страна кои не биле членови на таа комунистичка младина и обвинети дека биле Ванчо Михаиловисти, затоа што се тепале само за една девојка. И такви работи имате, господа. До каде ќе одиме со такви работи. Меѓутоа, овие лица секој што се борел за бугарскиот народ, имаме изроди и во македонскиот народ што се бореле и за српска страна и за грчка и за бугарска страна, тие никогаш нема да ја прифатат оваа рехабилитација. Цело време ќе тврдат ние сме македонски булгари или ние сме Срби или ние се Грци. Овде се работи за припадниците на македонскиот народ, тие сами се декларирале, ние сме борци за македонскиот народ и него- вата државност. И така треба да почнете да размислувате. Ќе повторам по трет пат, ова се работи за едно граѓанско помирување во Република Македонија и на тој начин треба сите да гласате за овој закон.

Што се однесува дека имало Албанци стрелани итн. Точно е тоа, меѓутоа ќе повторам овде децидно и јасно не се бореле за македонската државност, туку се бореле за велика Албанија. Затоа, сега во Тетово и тоа Претседателството на борците треба да се заложи да се обележат гробовите на борците таму што загинале од албанските балисти и на што и од кого паднале. А не да стои од фашистичкиот не- пријател. А може да стои од бугарскиот фашистички окупатор, а не може да стои од албанските балистички банди. Зошто да не стои на гробиштата и на тие борци од 1941 до 1945 година и до 1953 година кога ги бркаат балистичките банди во западниот дел на Македонија.

Тоа сакам, тоа Претседателство на Сојузот на борците да се заложи на сите тие споменици имињата да им се напишат на луѓето и да се каже зошто и како паднаа за слободата точно на оваа македонска држава.

Затоа, верувам дека нештата не треба да се минимизираат, односно да се префрлаат од еден колосек во друг колосек како што се обиде господинот Никола Поповски да го направи овде.

Се работи)за децидно јасен закон, политички закон ќе го кажам, политичка одлука, рехабилитација. Ова Собрание треба да собере сили и сите вие кои што сте членови на таа коалиција, а што сте Македонци, пред се ќе ви кажам треба да соберете сили и да гласате. Затоа што утре никој нема да ве обвини и ќе рече без разлика во која партија бевте вие сите бевте за едно македонски национално единство. Затоа велам како Македонци, како граѓани на оваа македонска држава треба помирување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само да се договориме. Реплика една може, меѓутоа, со тоа да завршиме ако мислиме сега да завршиме, а ако не, тогаш да работиме до крај на оваа точка.

Господин Никола Поповски реплика и завршуваме и утре продолжуваме во 11 часот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас господине Стоиле Стојков, навистина, не можам да ви помогнам во вашето неразбирање на работите. Меѓутоа, можам да помогнам на пратениците кои сакаат да ги разберат работите. Јас укажувам на тоа дека за иста проблематика имаме понудено од различни страни, различни закони кои сакаат во еден или во неколку закони, во

една или во неколку декларации да ги уредат истите односи. Вие го кажавте едниот, меѓутоа, очигледно дека не сфаќате за што се работи. Точката на која што се повикувате е точка која што ќе дојде по дваесетина точки од овој дневен ред, а тоа е Предлог на закон за права на воени инвалиди на лица прогонувани и затварани за идеите на асмобитноста на македонскиот народ и неговата државност и членови на нивни семејства итн., што го има предложено Владата на Република Македонија. Сега го има предложено овде група на пратеници. Има понудено рехабилитација како декларација од група на пратеници од опозицијата. И има предлог на декларација за политичка рехабилитација од група на пратеници од коалицијата. Тука се створи една шареноликост во уредувањето на односите, за кои ќе донесеме многу различни закони и секој парцијално ќе ги третира проблемите. Токму тоа е причината зошто јас апелирав до предлагачите за оваа работа да се исконсултираат со Владата и да донесат единствено решение како предлог на овој Парламент.

Во овој закон, исто така, се уредуваат и материјалните од- носи, односно на овој закон ќе се повикува уредувањето на материјалните односи. Исто како што ќе се повикува ако се однесува на точка 42. Исто како што се повикува на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Овде има единствен пристап. А ако вие мојата дискусија за единствен пристап сакате да ја толкувате така како што вас ви одговара, тоа е многу ваш личен проблем. Тука јас не можам да ви помогнам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Утре во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,50 часот).